Славка ФИДАНОВА

# НЕКОИ МОМЕНТИ ОД АКТИВНОСТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА КПЈ ВО СКОПЈЕ И ОКОЛИЈАТА ВО ГОДИНИТЕ СПРОТИ АПРИЛСКАТА ВОЈНА

## I

### Положбата во партиската организација во Скопје во времето од 1937 до средината на 1939 година

Организацијата на КПЈ за град Скопје и околијата спаѓа меѓу најстарите партиски организации во Македонија. Нејзиното формирање како социјалистичка организација стана во 1909 година, за време на турското владеење во Македонија[1]. По распаѓањето на Отоманската империја, таа беше присоединета кон социјалдемократската партија на Србија, а по завршувањето на Првата светска војна беше меѓу првите што ја обновија својата работа.[2] Нејзиниот најголем успех од времето на легалната работа е победата на општинските избори во 1920 година, кога комунистите успеаја да ја освојат општинската управа во Скопје.[3]

По обзнаната и донесувањето на Законот за заштита на државата, партиската организација во Скопје, како и целата Комунистичка партија на Југославија, премина во илегалност. Оттогаш наваму таа беше постојано изложена на полициски удари, но секогаш наоѓаше сили да ја обнови својата работа и да им даде отпор на ненародните режими во стара Југославија. Последен поголем удар Партијата во Македонија претрпе во април 1937 година по една провала, која се прошири на партиските организации во повеќе градови во Македонија: Кума-

[1] Лазар Колишевски, Политички извештај на I-от конгрес на КПМ, 1949, Скопје, стр. 17.

[2] Исто, стр. 29.

[3] Исто, стр. 32; Орде Ивановски, Гласник на ИНИ, 1959, II, стр. 31.

ново, Велес, Прилеп, Штип, Кавадарци, Гевгелија и Скопје. По ова покраинското партиско и скоевско раководство престанаа да постојат.[4]

*

* *

По претрпениот удар во 1937 година, одделни партиски активисти од Скопје продолжија со успех да ја вршат партиската работа во градот и околијата. Ова нешто се должеше на поединци од скопската партиска организација, кои успеваа, преку поединечни и лични врски со партиските активисти од центарот, главно преку ПК на КПЈ за Србија или преку Универзитетот во Белград, на време да се запознаат со линијата на КПЈ, добивајќи повремено и партиски материјали. Ваквата состојба на партиската организација во Скопје траеше до средината на 1939 година, иако постојат некои индикации дека во ова меѓувреме во Скопје извесно време имало местен комитет или местен актив на КП.[5]

За тоа дека партиската пропагандна активност не престанала во периодот по април 1937 година, говори и еден извештај напишан набрзо по провалата, во јули 1937 година, во кој се вели: „Во Скопје се затворени Брајовиќ Драгутин (подоцна исклучен од редовите на КП поради фракционерство н. б.) и Ѓуровиќ Василије, студенти по филозофија, заради пропагирање на комунизам и ширење на комунистичка литература меѓу тамошната училшна и работничка младина“.[6]

*

* *

Времето кога настапува оваа ситуација во Македонија се совпаѓа со времето кога на чело на Партијата штотуку е дојден за генерален секретар Јосип Броз — Тито. Неговите напори да се обнови и консолидира партиската организација во сите краишта на Југославија се однесуваат и на Македонија, но овој процес на обновување на партиската организација во Македонија сè до средината на 1939 година се одвваше со прилично големи тешкотии.

Според мемоарскиот материјал, во овој период едно кратко време, како член на Обласниот комитет на КПЈ за Крагуевац, во Македонија престојуваше Мома Марковиќ, кој доби задача да ја обнови партиската организација на Косово и во Македонија. Марковиќ, кој во Македонија дојде без јавка, во

---

[4] Архив на работничкото движење на Југославија (АРПЈ), фонд ДСЗД, Пресуда, Д. Т. бр. 606/37/12.

[5] АИНИ, Скопје, Сеќавања на Добривое Видиќ, арх. бр. 8212; АИНИ, Скопје, Страхил Гигов, Сеќавања во ракопис.

[6] АИНИ, Скопје, Кралската банска управа на Савска бановина, Извештај од 3 јули 1937 година, арх. бр. 2205.

обновувањето на партиската организација во Скопје се ориентира на Алија Авдовиќ, со кого се познаваше од времето кога беа заедно во затворот во Сремска Митровица. Откако воспостави врска со Авдовиќ и со некои други другари, тој одржа неколку состаноци и се запозна со ситуацијата во Скопје. Потоа замина за Велес, каде што формира местен комитет и одржа неколку состаноци со повеќе организации. Од овие сеќавања на Марковиќ произлегува дека во Скопје веќе постоел местен комитет, зашто таков формирал само во Велес. Веднаш потоа Марковиќ заминал за Приштина, обезбедувајќи јавка и врска со организацијата во Македонија.[7]

Исто така е познато дека другарот Тито за време на неговото престојување во Белград во 1938 година имал контакти со некои партиски активисти од Македонија во врска со обновувањето на работата на партиската организација. Во врска со тоа се планирало во Македонија да биде испратен и шпанскиот борец Алекса Демниевски, но тоа не се реализирало.[8] Но, и покрај тоа што до средината од 1939 година не се успеало да се формира покраинско партиско раководство, новиот револуционерен дух, кој бил внесен во редовите на Партијата по доаѓањето на другарот Тито на чело на Партијата и големата политичка активност што се развила под негово раководство во врска со внатрешните и надворешно-политичките настани, силно се почувствувале и во редовите на партиските активности во Македонија.

*

*  *

Партиската работа на овие активисти во тој период имаше пропаганден и акционен карактер, а најмногу се чувствуваше на Скопскиот филозофски факултет.

---

[7] Архив за историја на работничкото движење на Србија (АРДС), Сеќавања на Мома Марковиќ. За овој свој пат во Македонија по партиска задача Мома Марковиќ во своите мемоари вели: „Бидејќи ја видов ситуацијата на Космет (Мома Марковић имал задача прво да ја посети партиската организација на Космет — н. б.), отидов во Скопје, за прв пат во животот и тоа без никаква врска! Имав задача да се поврзам со другарите од скопската организација. Јас само знаев за некој другар од робија. Дојдов во Скопје, се вртев по градот, не можев да се снајдам! Имав некоја легитимација на име на службеник од Уредот во Белград. Појдов во една мала книжарница во која се продаваа некои напредни книги и го запрашав продавачот за некој студент Алија, кој беше со мене на робија. Тој ми рече дека тој живее на село, но во градот има брат бербер. Појдов во берберницата за да се запознам со него. Тој ми рече дека неговиот брат се наоѓал во околината на Скопје. Зеде фијакер и отидовме во тоа село. За да биде моето пристигнување легално, тој отиде во општината и рече дека сум дојден од Белград, за да не биде сомнително моето пристигнување. Се поврзав со Алија и со некои други другари, и тука одржавме некои состаноци и собравме информации за состојбата на проблемите. Потоа отидовме во Велес . . .», арх. бр. 13047.

[8] Перо Дамјановиќ, Тито пред темама историје, Бгд. 1972, стр. 107; Јосип Броз-Тито; Избор из дјела, Радничка класа и Савез комуниста Југославије, 1926—1977, Сарајево, 1977, стр. 76, 90.

По иницијатива на овие партиски активисти од Скопје, како на пример Душко Поповиќ, Блажо Орландиќ и луѓе блиски на Партијата — Дејан Алексиќ, Нада Богданова, Милош Мацура и други, во почетокот на 1939 година во Скопје е покренат весникот „Наша реч", како легален орган на Партијата во Македонија, кој почна да се шири во сите краишта во Македонија.[9] Неговиот прв број излезе на 25 февруари 1939 година. Весникот излегуваше до 6 април 1941 година. Како легален орган на Партијата „Наша реч" во тој и во подоцнежниот период многу придонесе за спроведување на линијата на КПЈ, како и за популаризирање на политичките и економските акции што ги водеше Партијата против ненародните и реакционерните режими во Југославија.

Активноста на групата комунисти во Скопје почна да се засилува во мошне сложени меѓународни услови. Тоа е времето кога, по окупацијата на Австрија и Чехословачка од нацистичка Германија и на Албанија од фашистичка Италија, на Југославија ѝ се закануваше опасност да ја загуби својата независност, бидејќи фашистичкиот агресор вршеше постојано притисок врз неа, а реакционерната влада на Милан Стојадиновиќ, подоцна на Драгиша Цветковиќ, не само што водеше политика на попуштање пред агресорот, туку во случајот со окупацијата на Чехословачка, давајќи изјави на лојалност, го изневери и својот сојузник. Напоредно со тоа владата на Милан Стојадиновиќ на германскиот агресор му овозможи да се здобие и со нови стопански позиции во Југославија, отворајќи му ги на тој начин ширум вратите на германскиот капитал во земјата.

Новосоздадената положба пред Комунистичката партија на Југославија, во спроведувањето на нејзината политика, постави нови задачи: борба за одбрана на независноста на земјата, соборување на противнародната влада на Милан Стојдиновиќ, односно на Драгиша Цветковиќ и создавање влада на национална одбрана, која ќе се потпре врз работничката класа, врз сите здружени демократски и патриотски сили, влада која ќе мора да ги подобри материјалните и културните услови на работниот народ, да воспостави демократски слободи и братски однос меѓу народите на Југославија, додека на надворешно-политички план таа влада ќе треба да ги зацврсти пријателските врски со балканските држави, да одржува пријателски врски со сите земји кои се готови да се борат против фашистичкиот агресор, во прв ред со Советскиот Сојуз.[10]

Во духот на оваа линија комунистите во Скопје целокупната своја активност ја насочија кон тоа да ги мобилизираат и покренат широките народни маси во акција за одбрана на

---

[9] Дејан Алексиќ, „Наша реч» 1939—1941, Скопје, 1960, стр. 35—42.
[10] Преглед исорије СКЈ, Бгд., 1963, стр. 258.

земјата, против реакционерниот и ненароден режим на владата на Милан Стојадиновиќ, односно на Драгиша Цветковиќ. Всушност, тоа претставуваше акција на комунистите за создавање Народен фронт, во кој, според зборовите на Јосип Броз — Тито, во времето пред војната влегуваа „најнапредните елементи: работничката класа на чело со Комунистичката партија, народната интелегенција и напредното селанство и граѓанство, без оглед на партиската припадност“, чија програма ги содржеше следниве точки:

„1. Борба против социјалното сосипување и националното угнетување;

2. Борба за демократизација на земјата, а против фашизмот;

3. Преземање мерки за одбрана на земјата поради воената опасност од страна на фашистичките завојувачи;

4. Борба против петтата колона;

5. Создавање на дипломатски односи, а подоцна и сојуз со СССР.“[11]

## 1. Избори за Народна скупштина 1938

Комунистите од Скопје најголем успех постигнаа во времето на предизборната кампања во врска со распишаните парламентарни избори во декември 1938 година. Во врска со тоа треба да се одбележи дека комунистите во Скопје немаа јасен и изграден став по прашањето за учеството на комунистите на изборите. Во почетокот на комунистите во Скопје им беше пренесена директива дека на изборите ќе треба да го поддржат социјал-демократскиот кандидат.[12] Сепак, на крајот превлада ставот на изборите да се поддржи блокот на здружената опозиција, со цел тој да се зацврсти во борбата против ненародната и реакционерната влада на Милан Стојадиновиќ, а пред сѐ да ја искористат предизборната агитација за популаризација на Народниот фронт и поврзување со масите.[13] Врз основа на овој став комунистите и напредните сили од Скопје воспоставија контакт со граѓанските политичари од блокот на здруже-

[11] Јосип Броз-Тито, Народни форнт као опћенародно политичка организација сп. Комунист, 1947, бр. 3, стр. 20—21.

[12] АИНИ, Скопје, Реконструкција на партиската организација во Скопје (Р-ПО Скопје), Сеќавања на Боро Чушкар, стр. 17—18; АИНИ, Скопје, Изјава на Вера Николова од 7 февруари 1957.

[13] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, Изјава на Ристо Дуковски, стр. 14—15, 60: Блокот на здружената опозиција е формиран на 8 октомври 1937 година. Него го сочинуваа: Хрватската селска партија (ХСС) и Самостојната демократска партија (СДС), од една и Демократската партија, Земјоделската партија и Радикалите собрани околу Главниот одбор на Радикалната партија на чело со Аца Станојевиќ, од друга страна, собрани во Здружената опозиција, — Дејан Алексиќ, н. д., стр. 38—39.

ната опозиција и го поддржаа кандидатот на Земјоделската партија.[14] Секако, разговорите што се водеа меѓу комунистите од Скопје и претставниците на Земједелската партија околу изборната агитација претставуваа обид за создавање на Народен фронт одозгора, врз основа на спомената програма. Меѓутоа, водството на граѓанските партии и овој пат, како и порано, по изборите одби да ја прифати програмата на Народниот фронт. Давајќи оцена за граѓанските партии, Јосип Броз — Тито вели: „Водството на граѓанските т.н. демократски партии, беше склоно, во времето на изборите, кон извесни аранжмани со претставниците на работничката класа, но само од политичко-шпекулантски побуди — за да ја заграбат тие власта. Но штом тие господа би дошле на власт, би го покажале своето реакционерно лице со својата работа против интересите на народот“[15].

Независно од тоа, комунистите и напредните сили од Скопје предизборната агитација ја искористија за да ја зголемат својата политичка активност. На многубројните собири, одржани од страна на партиите на здружената опозиција, во најголем број случаи како говорници истапуваа комунисти или напредни антифашисти, кои со своите говори придонесуваа за популаризација на програмата на Народниот фронт.[16] Според прибраните податоци, на еден таков собир во Скопје, одржан во киното „Балкан“, зборувале партиските активисти Орце Николов и Бошко Шиљеговиќ, чие изложување било прифатено со одушевување од масите.[17] Полицијата, спротивно на законската забрана за употреба на сила за време на изборите, на ѕверски начин се пресметуваше со комунистите. Таа и овој пат, по одржаниот собир во киното „Балкан“, го уапси говорникот Орце Николов и го претепа.[18] Меѓутоа, зголемената политичка активност на комунистите и напредните сили овозможија Партијата што повеќе да се поврзе со народните маси и да се изврши што поширока мобилизација врз програмата на Народниот фронт. Благодарејќи на тоа, широките народни маси од Скопје, раководени од комунистите и напредните сили, на 11 декември 1938 година, по завршувањето на изборите, вечер-

---

[14] Земједеслката партија во однос на другите српски партии беше најмалку компромитирана во Македонија. Освен тоа, таа направи тактички потег со тоа што на нејзината листа беа канидидирани голем број Македонци, најмногу од редовите на македонската интелигенција. Во Скопје на листата на Земједелската партија беше кандидиран инженерот Глигор Ташковиќ. — Дејан Алексиќ, н.д., стр. 70; Исто како во точките 12 и 13.

[15] Јосип Броз-Тито, наведената статија во сп. Комунист, стр. 21.

[16] Еден од современиците, Боге Кузмановски, сеќавајќи се за овие настани, во своите спомени вели: „На овие предизборни конференции ние успеавме да наметнеме и да истакнеме проблеми кои тогаш беа на линијата на Партијата, борбата на работничката класа, за независност на земјата, . . . » — АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 24.

[17] Исто како во точка 13.; Наведената изјава на Вера Николова.

[18] Исто како во точка 16 и 17.

та организираа улични демонстрации[19]. Според сеќавањата на учесниците во нив, „паролите на демонстрантите беа пароли на работниот народ на целата земја, насочени против теророт на профашистичката влада на д-р Милан Стојадиновиќ и во нив се бараше :демократизација на земјата, давање основна политичка и економска слобода, борба против фашизмот и во таа смисла јакнење на одбраната на земјата, создавање на вистинска народна влада, што ќе биде нјдобар израз и заштитник на интересите на најшироките народни маси, сојуз со СССР и друго".[20]

Демонстрациите од 11 декември беа први јавни демонстрации одржани во Скопје, на кои зедоа учество повеќе илјади граѓани. Во тоа беше и нивното историско значење. Од овие настани комунистите можеа да извлечат заклучок дека поврзувањето со масите е единствениот пат за создавање на Народен фронт. Затоа тие во иднина, во создавањето на Народниот фронт, се ориентираа кон создавање одоздола, преку поврзување со широките народни слоеви.

## 2. Активности во врска со Чехословачката криза

Под раководство на комунистите, во текот на 1938 година и првата половина на 1939 година, се редат и други политички акции, при што антифашистичкото расположение на масите сè повеќе доаѓаше до израз.

Во текот на овој период посебно место имаа акциите за одбрана на Чехословачка од агресијата на Хитлерова Германија, кои оставија силен впечаток и влијаеја врз порастот на антифашистичкото расположение на масите. Сите манифестации, организирани по тој повод, имаа карактер на протест против германскиот фашизам, против попуштањето на Германија и Италија од западните сили, а посебно против германската агресија на Чехословачка. Истовремено со ова се манифестираше и готовноста на масите да ја бранат земјата, наспроти капитулантската политика на постојните режими, под паролата — да ја браниме земјата.

Како најпогодна форма за спроведување на акцијата во врска со настаните околу Чехословачка беше искористена младинскта секција при Југословенско-чехословачката лига, формирана во Скопје на 28 мај 1938 година, во која беа вклучени

[19] За демонстрациите во Скопје на денот на изборите за пратеници во Народната скупштина, на 11 декември 1938 година, во своите искажувања се сеќаваат поголем број учесници во нив — АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 6, 12, 14—15, 17—18, 24.

[20] Дејан Алексиќ, н. д., Скопје, 1960, стр. 36.

доста голем број младинци, од кои многумина беа членови на СКОЈ или симпатизери на Партијата[21].

По иницијатива на оваа секција, во времето на минхенската криза, во Скопје беше организирана акција за пријавување доброволци за помош во одбрана на Чехословачката Република. Меѓу пријавените имало средношколци, студенти и работничка младина. Според некои податоци, за неколку часа имало пријавено близу 600 младинци. Пријавените младинци во одреден ден се собрале пред зградата на Чехословачкиот конзулат. Пред собраните младинци одржал говор претседателот на младинската секција Дејан Алексиќ, во кој тој ја истакнал готовноста на младинците од Скопје да ја бранат независноста на Чехословачката Република. Веднаш потоа пријавените младинци се запишале во списокот, кој му беше предаден на чехословачкиот конзул, со молба да биде доставен до чехословачката влада[22].

Сличен успех постигнала и акцијата за собирање на материјална помош за бегалците Чеси и Словаци, кои по Минхенскиот договор беа принудени да ги напуштат окупираните делови на Чехословачка. За релативно кратко време беше собрана сума од 10.000 динари, што претставуваше успех, бидејќи граѓаните од Скопје на тој начин го изразија своето сочуство со чехословачките народи.[23]

Според полициските документи, на 24 септември 1938 година во Скопје имало обид да се одржат демонстрации, но полицијата на време интервенирала и ги растурила, што значи дека народот од Скопје, посебно студентите, во времето на потпишивуањето на Михенскиот договор, се вклучиле во севкупниот протест во цела Југославија.[24]

Во времето на чехословачката криза комунистите од град Скопје и прогресивните и демократски сили се вклучија во одбележувањето на смртта на големиот чехословачки писател Карел Чапек, за која се сметаше дека настапила поради трагедијата што ја доживееја чехословачките народи.

По тој повод во јануари 1939 година на Народниот универзитет во Скопје, во присуство на голем број граѓани, е одр-

---

[21] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 225; Зборник активиста југословенског револуционарног покрета 1935—41, Четрдесет година, Београд, 1960, бр. 3, Дејан Алексиќ, ст. Акције у Скопљу за помоќ Чехословачкој, стр. 450, 451.

[22] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 226—227; Зборник, Четрдесет година, Дејан Алексиќ, н. ст., стр. 450—451; Митре Инадески, ст. Се пријавивме за доброолци во Чехословачка во 1938, вес. „13 Ноември", Скопје, 1971, год. X, бр. 10; Деса Миљовска, ст. Скопските студенти беа готови за решавачка битки, вес. „13 Ноември», Скопје, 1966, год. V, бр. 5; АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 49, 151.

[23] Зборник, Четрдесет година, Дејан Алексиќ, н. ст., стр. 451; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 226—227.

[24] АЈ, Београд, фонд Милин Стојадиновиќ, фотокопија во АИНИ — Скопје, Извештај на Банската управа во Скопје од 24 септември 1938 година.

жано предавање посветено на Карел Чапек. За животот и делото на овој голем писател на чехословачкиот народ говореше Радован Лалиќ, професор на Филозофскиот факултет во Скопје.[25]

На 5 февруари 1939 година во Скопје е одржана и свечена комеморација посветена на Карел Чапек, која имаше и одредено политичко значење.[26] За делото на Карел Чапек во оваа прилика говореа: Јосиф Михајловиќ во својство на претседател на Југословенско-чехословачката лига, кој ја отвори комеморативната седница, потоа Радован Лалиќ и Милош Мацура.

Во вториот дел на програмата на комеморативната седница, во изведба на студенти од Филозофскиот факултет во Скопје, беа прочитани и неколку текста од делата на Карел Чапек и тоа познатите две молитви, кои Чапек ги имаше напишано во времето на чехословачката криза: „Молитва на овој ден“ и „Молитва за вистината“, потоа хумористичната приказна „Судот на господинот Гивлен“ од збирката „Приказни од вториот џеп“ и на крајот е прочитано неговото последно дело „Поздраве“, кое беше објавено истиот ден кога тој почина. На крајот на комеморативната седница беше прочитан и Апелот што го упатија чехословачките писатели во времето на чехословачката криза до целото човештво, а потоа беше прочитано и писмото до чехословачките писатели, испратено од комеморативната седница.

За тоа каков одглас имаше оваа комеморативна седница посветена на Чапек меѓу народот во Скопје, Дејан Алексиќ, како современик и еден од организаторите на седницата, во еден свој труд го напиша следново: „Оваа комеморација имаше мошне широк одглас меѓу народот, бидејќи на неа всушност е осуден фашизмот и е изразена цврстата солидарност на нашиот народ со народите на Чехословачка, кој заедно со народите на Албанија, претставуваа први жртви на нацифашизмот во Европа“.[27]

Со истата цел, во спомен на големиот син на Чехословачка, во Народниот театар во Скопје со голем успех уште еднаш беше прикажана пиесата на Чапек „Бела болест“, иако министерот на внатрешните работи од Белград уште во април 1938 година интервенираше кај управата на Театарот „пиесата — „Бела болест“, „Матура“, и „Туѓо дете“ да ги симне од репертоар ..... како екстремни, напишани со левичарски тенденции“.[28]

---

[25] Весник „Наша реч“, Скопје, 1939, год. I, бр. 1.

[26] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 225—226; Зборник, Четрдесет година, Дејан Алексиќ, н. ст., стр. 451—452; Весник „Наша реч“, Скопје, ст. Скопље Карлу Чапеку, 1939, год. I, бр. 1.

[27] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 226.

[28] АЈ, фонд М. С., ф. 23, 9 април 1938 година.

Прашањето за одбрана на независноста на Југославија стана централно прашање, особено по извршената германска окупација на Чехословачка на 15 март 1939 година. Придружувајќи се кон незадоволството на работните луѓе во цела Југославија, изразено преку манифестации и демонстрации, работниот народ од Скопје, младината, на манифестациите одржани во Скопје во март таа година го кренаа својот глас против профашистичката влада на Драгиша Цветковиќ, и бараа формирање влада на народната одбрана, која ќе ги реши внатрешнополитичките прашања, ќе даде национални и социјални слободи, ќе преземе мерки за одбрана на независноста на земјата, со потпирање врз надворешната политика на демократските земји, пред сè на СССР.[29]

По повод италијанскиот напад на Албанија, со оглед на тоа што границите на Југославија беа непосредно загрозени, во Скопје беа повторно приредени големи демонстрации против профашистичката влада, против нејзината политика на „неутралност", против врзувањето на Југославија за фашистичките земји, за одбрана на независноста на Југославија и сл.[30]

Студентскиот одбор за одбрана на земјата во своето комунике под наслов „Југославија е во опасност", покрај другото, ја донесе следнава вест: „...Во Скопје на 9 о. м. (април 1939 — н. б.) дошло до демонстрации против окупацијата на Албанија. Полициските органи интервенирале многу грубо. Повредени се и затворени многу демонстранти, што предизвика големо незадоволство во јавноста."[31]

## 3. Јакнење на напредното студентско движење

Под влијание на комунистите и напредните антифашистички сили во овој период во Скопје, исто така, јакне и студентското движење. Напредните студенти од Скопскиот факултет водат огорчена борба за правата на студентите и одбрана на автономијата на Универзитетот, за освојување на стручните студентски здруженија и други друштва од рацете на „националните" елементи, какви што беа студентите-љотиќевци и други слични на нив, кои, или беа во управата на тие друштва, или со истакнувањето посебна листа надвор од Обединетата студентска младина, сакаа да навлезат во управите на тие друштва.[32] Процесот за освојување на студентските здруженија од

[29] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 227; Зборник, Четрдесет година, Дејан Алексиќ н. ст., стр. 452; АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 16, 17.

[30] Исто, Р-ПО Скопје, стр. 6, 7, 13; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 227.

[31] ИАРПЈ, бр. 15444, VI, 4—1/39, Бгд., 12. IV. 1939, препис во АИНИ — Скопје.

[32] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 276, 277; АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, Сеќавања на Деса Миљовска, стр. 4, 5.

страна на Обединетата студентска младина, кој започна уште во 1937 година и продолжи во 1938 и 1939 година, беше придружен со многубројни судири со овие таканаречени „национални" студенти. Во 1939 година веќе сите стручни студентски здруженија се наоѓаа во рацете на Обединетата студентска младина.[33] Во овој период студентите од ОСМ успеаја да ја земат управата во свои раце и во Потпорното студентско здружение.[34] Всушност, на изборите за нова управа на Потпорното студентско здружение во учебната 1938/39 година на Филозофскиот факултет во Скопје се успеа да се постигне единство на студентите, со оглед на тоа дека беше истакната една заедничка листа.[35] Сепак, најголема победа претставуваше освојувањето на студентскиот дом и студентската менза, кои дотогаш беа привилегија на национално „исправните" студенти.[36] По овие успеси на ОСМ, единствено здружение што остана во рацете на „националните" студенти беше уметничкото музичко друштво „Обилиќ"[37]. Меѓутоа, во текот на наредната година студентите националисти отпаднаа од ова друштво, така што напредните студенти обезбедија свое влијание и во него. Затоа студентите-националисти наместо друштвото „Обилиќ", кон крајот од 1939 година формираа Академско пеачко друштво.

Претседателот на пододборот на Друштвото „Свети Сава", Алекса Јовановиќ, чувствувајќи се задолжен за „националната работа" во Македонија, во писмото до Главниот одбор на друштвото „Свети Сава" во Белград од 9 јуни 1940 година пишуваше:

„Академското пеачко друштво е формирано отприлика кон крајот на минатата година. Составено е од пеачи студенти на Скопскиот филозофски факултет и свршени студенти на другите факултети, сите до еден националисти.

Пеачите студенти-националисти на Филозофскиот факултет во Скопје останаа во малцинство па затоа отпаднаа од нивното пеачко друштво „Обилиќ", кое сега плива во модерни струи. Тоа беше повод за создавање на ова Друштво."[38]

Студентите од Скопскиот факултет учествуваа и во сеопштите студентски акции кои се водеа на другите Универзитети во земјата. Режимот, за да го сопре нараснатото револуцио-

---

[33] Исто.

[34] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 277; Успехот на студентите до Обединетата студентска младина во изборите за управата на Потпорното студентско здружение е забележан во сеќавањата на Добривое Видиќ, како и во сеќавањата на Деса Миљовска. — АИНИ, Скопје, арх. бр. 8212 и Р-ПО Скопје, стр. 5. За истото види и во вес. „Наша реч", Б. Ш. (Бошко Шиљеговиќ), ст. На Скопском факултету остварено је јединство студената, год. I, бр. 1.

[35] Исто.

[36] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 277; АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, нав. сеќ. на Деса Миљовска, стр. 5 и на Добривое Видиќ, арх. бр. 8121.

[37] Исто.

[38] Архив на Србија, Белград, фонд ДСС, арх. бр. 5994,

нерно-демократско и општонародно движење во земјата, посебно се нафрли на студентското движење како дел на тоа општонародно движење. Со помошта на уфрлени конфиденти, полициските власти на 11 мај 1938 година упаднаа во просториите на Војвоѓанската студетска менза и уапсија една поголема група студенти. Неколку дена подоцна, на 17 и 18 мај таа година, без согласност и одобрение на Ректорот на Универзитетот д-р Драгослав Јовановиќ и деканот на Техничкиот факултет, полицијата упадна на Техничкиот факултет и изврши претрес во просториите на студентската организација. Пронајдените легални летоци, издадени од Обединетата студентска младина, како и од Акциониот одбор на стручните здруженија, на полицијата ѝ послужија како повод веднаш потоа да затвори 30 студенти, а за 20, кои не се наоѓаа во Белград, издаде потерница преку банските управи во земјата.[38a]

Овој брутален напад на полицијата предизвика силен револт кај студентите од Белградскиот универзитет, поради што тие на 19, 20 и 21 мај 1938 година стапија во тридневен штрајк, а по нив, во знак на солидарност со студентите од Белградскиот универзитет, во одбрана на автономијата на Универзитетот на 23, 24 и 25 мај 1938 година во тридневен штрајк стапија и студентите од Филозофскиот факултет во Скопје".[39]

Во склопот на сеопштата студентска акција, која се водеше на сите Филозофски факултети во земјата по повод влегувањето во сила на новата Уредба за филозофскиот факултет, скопските студенти во јануари 1939 година одржаа собир, на кој донесоа Резолуција во која, покрај заедничките барања, истакнаа и свои специфични, како, на пример, барањето за создавање услови за научна работа на студентите, отворање на нови групи на Филозофскиот факултет во Скопје и др.[40]

Големо политичко значење имаше барањето за формирањето на Институтот за испитување на стара Србија и Македонија, кој, според мислењето на студентите, требаше да придонесе за средување на научниот материјал на историското ,етнолошкото, правното и јазичното поле.[41] Барањето за отворање на посебен институт, кој ќе го проучува историското минато на македонскиот народ, беше во непосредна врска со јавното мислење во Македонија и одраз на зовриеното и за решавање горешто македонско национално прашање. Затоа на оваа студентска акција

---

[38a] Милица Дамјановиќ, Напредни покрет студената Београдског универзитета књ. II, Бгд., 1974, стр. 301—307.

[39] Милица Дамјановиќ, н. д., стр. 347; Дипломатски архив на Министерството, на надворешните работи, Београд, просветно-политичко одделение, Извештај од мај 1938 година, фотокопија во АИНИ, Скопје.

[40] Вес. „Наша реч", Скопје, год. I, бр. 1, Б. Ш., н. ст. „На Скопском факултету остварено је јединство студената».

[41] Исто.

на скопските студенти, која и без тоа имаше политички карактер, тоа ѝ даде посебен печат.

Со помошта на факултетските власти режимот настојуваше да ја оневозможи работата на одделни студентски здруженија. Под изговор дека студентите не го почитуваат членот 210 од Општата уредба на Универзитетот, Факултетскиот совет, на 6 април 1938 година, донесе одлука со која ја забрани натамошната работа на културно-просветното друштво „Покрет". Тоа беше обид за напад на единственото културно друштво, кое со својот дебатен клуб претставуваше културно жариште и беше носител на напредната и демократската мисла на Скопскиот факултет.[42]

Акциониот одбор на стручните студентски здруженија од Белградскиот универзитет оваа наредба ја оцени како напад на интересите на студентите од Филозофскиот факултет во Скопје, па затоа веднаш реагираше, обрнувајќи се со писмо до професорскиот совет, во намера да им даде поткрепа на скопските студенти во борбата за нивните права[42a].

Меѓутоа, режимот таа своја замисла не успеа да ја спроведе во дело.

Студентите, наместо забранетото културно-просветно друштво „Покрет", формираа ново друштво под името „Нов покрет", кое име го одразуваше нараснатото прогресивно студентско движење.[43]

Скопските студенти, освен што се бореа за студентски прашања и стануваа во одбрана на автономијата на Универзитетот, во овој период реагираа и на политичките настани кои се одигруваа во светот и земјата. Покрај тоа што заедно со работничката класа и напредните антифашистички сили во градот учествуваа во многубројните политички акции, тие и во рамките на Факултетот организираа акции — митинзи и собири, на кои ја осудуваа фашистичката ориентација на режимот во земјата, ширењето на фашизмот и истакнуваа солидарност со напредните и антифашистичките сили во Светот.

Придружувајќи им се на студентите од Белградскиот универзитет во нивната акција, по повод доаѓањето на претседателот на Чехословачката република Едуард Бенеш и министерот

[42] Факултетскиот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата седница од 6 април 1938 година, донесе одлука за распуштање на студентското здружение „Покрет", поради тоа што на седницата на Друштвото присуствувале студенти од Скопје кои студирале на другите факултети во Југославија,— АИНИ, фонд Филозофски факултет, арх. бр. 2456 и 2457.

[42a] АИНИ, Скопје, фонд Филозофски факултет, арх. бр. 2458.

[43] Факултетскиот совет во Скопје, врз основа на молбта на пропишан број студенти, а во усоглеување со Уредбата за здруженијата на слушателите на Универзитетот, на седницата од 31 мај 1938 година одобри да се формира студентско културно друштво „Нови покрет". — АИНИ, фонд Филозофски факултет, арх. бр. 2458 Вес. „13 Ноември", Скопје, 1966, год. V, бр. 5, Д. М. „Скопските студенти беа готови за решавачки битки"; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 281,

на надворешните работи во народнофронтовската влада на Франција Иван Делбос во Белград, студентите на Факултетот во Скопје одржаа митинзи на кои ја истакнаа солидарноста со напредните антифашистички сили на Чехословачка и Франција. На ист начин тие реагираа и по повод аншлусот на Австрија.[44]

Во есента на 1938 година скопските студенти формираа приредувачки одбор, со цел да го прослават 11 ноември — денот на мирот, во знак на зачувување на мирот и демократијата, под паролата „Војна на војната".[45] Според еден документ, антифашистичкото расположение на студентите и овој пат дојде до израз. Пред насобраниот народ на гробовите на паднатите борци во војната, кога се полагале венците, една од студентките на Факултетот во Скопје, од положениот венец во името на германскиот војник, во знак на протест, ја истргнала лентата со национал-социјалистичкиот знак, во својот гнев ја стуткала и потоа ја фрлила.[46]

Во пролетта на 1939 година, по окупацијата на Чехословачка, со оглед на тоа што и независноста на Југославија беше доведена во прашање, на Филозофскиот факултет беше одржан митинг, на кој говореше Боро Чушкар, студент по фиолозфија. Истакнувајќи ја потребата од собирање на сите чесни, творечки и патриотски сили на студентската младина, како и потребата од создавање на единство, врз база на полна рамноправност на сета селска, работничка, студентска и средношколска младина, како и потребата од единство на младината, без оглед на класната и сталешката припадност, професијата, народноста, политичката припадност, заради одбраната на народните права и слободата, за одбрана на слободната и независна Југославија, за зачувување на нејзините граници, Боро Чушкар во својот говор истакнал:

„Минхен, кој за многумина беше град на кој требаше да му се додели Нобеловата награда за мир, на најголемо зачудување на оние што сепак веруваа во некои последни зборови на минхенските творци, разочара.

Затоа, да се собереме во заеднички редови мирно, братски, словенски и сталожено, отфрлувајќи го сето тоа што евентуално би нè одвојувало, да му помогнеме на својот народ, во интерес на сите нас, да му кажеме слободно на секого: границите на Караванки и Гевгелија се едни исти граници."[47]

---

[44] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, Сеќавања на Деса Миљовска, стр. 5, 6.

[45] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, Сеќавање на Д. М., стр. 5; Весник „Наша реч", Скопје, год. I, бр. 1, н. ст., на Б. Ш.

[46] АИНИ, Скопје, нерегистриран мтеријал, Извештај „Комунистичке прилике у Скопљу".

[47] Вес. „Наша реч", Скопје, бод. I, бр. 4, Б. Ш. (Бошко Шиљеговиќ), ст. „Скопски студенти за јединство омладине, за јединство свих поштених и родољубивих снага, за одбрану слободе и независности Југославије".

Борбата што ја водеа напредните студенти од Скопскиот факултет против „националните“ студенти-љотиќевци и др., како и борбата што ја водеа за чисто студентско-сталешки прашања, имаше карактер на борба против фашизмот и реакцијата во земјата. Студентското движење на Скопскиот факултет, поради тоа, како и поради политичките акции, сè повеќе се афирмира како силно антифашистичко движење во градот. Благодарејќи на нивниот јасен антифашистички и демократски став, кој дојде до израз особено по настаните во Австрија, Чехословачка и Албанија, како и за време на парламентарните избори, одреден број студенти, кои дотогаш беа надвор од политичките настани, или на некој начин беа под влијание на „националните“ студенти или под влијание на македонските националисти. беа привлечени во организацијата на Обединетата студентска младина.[48] Тој изразит антифашистички став на студентите го свртe вниманието на јавноста во Скопје, посебно на луѓето од културната и интелектуална средина. Тоа доведе до диференцирање и во редовите на професорите на Филозофскиот факултет во Скопје. Со својот антифашистички став беа познати: проф. д-р Петар Колендиќ, професорот д-р Душан Недељковиќ, професорот Радован Лалиќ, асистентот Вуко Павиќевиќ и др.[49]

## 4. Одбележување 150-годишнината од францускатa револуција

Во духот на севкупната активност за одбрана на земјата, напоредно со прашањето за внатрешна преуредување во неа, во решавањето на внатрешно-политичките прашаањ видно место заземаат и акциите кои имаа за цел истакнување на македонската индивидуалност и македонското национално прашање, со цел да се покрене неговото решавање во рамките на мерките на Блокот на здружената опозиција за внатрешно преуредување на земјата.

Повод за една ваква акција послужи одбележувањето на 150-годишнината од Француската револуција. На иницијатива на комунистите од Скопје и напредните кругови, на Народниот универзитет во Скопје е одржано предавање посветено на Француската револуција, кое на успешен начин беше поврзано со борбата на македонскиот народ за национална слобода, која доби врв во Илинденското востание и слободната Крушевска република.[50]

---

[48] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 276; АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, Сеќавање на Боро Чушкар, стр. 19.

[49] Архив на ВИИ (АВИИ), фонд III Армиска област, к. 26а, 17/3; АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, нав. сеќ. на Деса Миљовска.

[50] Вес. „13 Ноември“, Скопје, 1966, год. V, бр. 5, Д. М., н. ст. „Скопските студенти беа готови за решавачки битки.

Во еден од броевите на весникот „Наша реч“, кој по неговата забрана излезе како „Наш лист“, на првата страница, како уводник, е објавена статија на партискиот активист и раководител Страхил Гигов под наслов „Француската револуција и нашите традиции“. Во неа авторот ја изнесе сосема сумарно историјата на македонскиот народ за национална слобода, задржувајќи се посебно на подготовките за востанието, разидувањата во гледањата на раководителите на Внатрешната революционерна организација во врска со ненавременоста на востанието, што беше предизвикано под вилјание на бугарскиот империјализам, избувнувањето на востанието, неговиот одглас во Крушево, во кое беше прогласена Крушевската република и, најодзади, неговото задушување од страна на Османлиите, кое дојде како резултат на неподготвеноста, благодарение на оние што им служеа на туѓите интереси, а не на интересите на својот народ. Оваа статија привлече посебно внимание на себе поради тоа што во неа беше објавен Манифестот на Крушевската република. Статијата под ист наслов влезе и во една специјална брошурка посветена на 150-годишнината од Француската револуција. Како што забележаа современиците, статијата „Француската револуција и нашите традиции“ предизвика голем интерес кај народот, но и вознемиреност кај режимот, па затоа тој веднаш го забрани ширењето на овој број на весникот, како и споменатата брошура.[50a]

Оваа акција, како и многубројните други што се изведува во пролетта на 1939 година, пред сè акцијата што се водеше во цела Македонија на собирите на Земједелската партија, на кои отворено се напаѓаше тогашниот режим, се бараше внатрешно преуредување на земјата врз федеративен принцип и се истакнуваше македонската национална индивидуалност, беа израз на нараснатото македонско националноослободително движење. Затоа таа не остана незабележана од страна на режимот Доведувајќи ја оваа акција, како и многубројните други акции во Југославија, во врска со ставовите на КПЈ по националното прашање, особено со решението на IV земска конференција за создавање посебна КП на Хрватска, КП на Словенија и КП на Македонија, Одделението за државна заштита при Управата на полицијата во Белград, во својот извештај за месец август 1939 година, ја прокоментира на следниов начин:

„. . . Од друга страна, пак, во текот на август комунистите од јужна Србија (Македонија — н. б.), во врска со прославата на 150-годишнината на Француската револуција, презедоа една акција, која е резултат на таквиот став на Партијата, спрема националното прашање. Тие, на пример, во брошурата „150-годишнината од Француската револуција“, отпечатија посебна статија

---

50a Дејан Алексиќ, н. д., стр. 53—60.

со проглас на Илинденското востание против Турската империја од 1903 година, во која своето национално востание настојуваа да го претстават не како дело на свесни националисти против туѓинското ропство, туку како дело на експлоатираната работничка и селска класа против буржоазијата, па седно чија е, турска или српска. За да ја подвлечат уште подобро оваа црта на востанието и што подобро да го изразат својот став спрема националното прашање во јужна Србија (Македонија — н. б.) комунистите одат уште понатаму, па вака претставено востанието го умножуваат во посебна брошурка, која се обидуваат да ја рашират во голем број во цела јужна Србија (Македонија — н. б.)"[51]

Вака прокоментираната статија на Гигов одговараше на вистинската положба во Македонија, во која борбата за националната слобода истовремено имаше и длабока општествено-политичка смисла, бидејќи беше проткаена и со борба за социјална слобода. Овие две компоненти беа неразделни за целиот период на борбата на македонскиот народ. Таа дојде до израз и во Манифестот на Крушевската република.

### 5. Собирање на народна помош

Под раководство на комунистите во Скопје, во овој период е организирано и собирање на народна помош, за која цел беше формиран Одбор за народна помош.[52] Собирањето на народната помош беше прилично раширено. Таа помош беше наменета за политичките затвореници и нивните семејства, но и за доброволците-Југословени во интернационалните бригади во Шпанија, кои во тоа време се наоѓаа во концентрациони логори во Франција.[53] Организацијата на народната помош претставуваше база за собирање на сите прогресивни антифашистички и демократски сили кои беа против фашизмот во светот, против профашистичкиот режим во Југославија, посебно беа против фашизацијата на земјата и нејзиното потчинување на силите на Оската.

Отсуството на покраинското раководство, како и на месното партиско раководство во градот, влијаеше да не се постигнат поголеми резултати, иако за тоа постоеја големи можности.

[51] АЈ, фонд М. С., Оделение за заштита н државата, Извештај од 1939 гоина, фотокопија во АИНИ, Скопје.

[52] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, Сеќавање на Блага Попова, стр. 75.

[53] Исто; Според пишувањето на Дејан Алексиќ во собирањето на народна помош особено се истакнувале студентите: „Од своите мензи студентите постојано им носеа храна не само на затворените студенти раководители, туку и на другите другари што беа во затвор. Студентите учествуваа и во собирањето помош за југословенско-шпанските броци, кои се наоѓаа во логорите во Гирс и другите логори во Франција" — н. д., стр. 281.

Работата на комунистите од Скопје ќе добие нов поттик со обновувањето на работата на покраинското партиско раководство во Македонија и месната партиска организација во Скопје.

## II

## Обновување и консолидирање на партиската организација во Скопје и нејзината политичка активност до почетокот на априлската војна

Доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ и одржаното мајско советување во 1939 година, беа од пресудно значење за натамошната работа на партиската организација во Македонија. На тоа советување, на кое не присуствуваше единствено делегат од Македонија, зашто ПК на КПЈ за Македонија не ни постоеше, покрај другите задачи, како најважно беше поставено обновувањето на партиската организација во Македонија.

По советувањето, кон средината на 1939 година (јули — август), во присуство на делегат на ЦК на КПЈ, во Скопје е формиран ПК на КПЈ за Македонија од четири члена, во состав: Блажо Орландиќ, секретар и членови: Страхил Гигов, Орце Николов и Кочо Попов.[53a] Овој ПК на КПЈ за Македонија не покажа поголеми резултати, зашто не работеше во полн состав.[54] Поради ваквата состојба во Покраинскиот комитет, ЦК на КПЈ, во есента на 1939 година, во Македонија го испрати Светозар Вукмановиќ — Темпо, за да изврши ревизија на работата на партиската организација во Македонија.

Со оглед на веќе спомнатата положба во Покраинскиот комитет, Светозар Вукмановиќ за време на своето престојување во Македонија успеа да се состане единствено со Блажо Орландиќ, од кого и доби први известувања за состојбата во ПК, како и за партиската организација во внатрешноста во Македонија, вклучително и за партиската организација во Скопје.

Светозар Вукмановиќ за оваа своја прва посета во Македонија, во своите мемоари, вели:

„Во Македонија бев во есента претходната година (1939 година — н. б.), но тогаш не успеав да се состанам со раководството. Страхил Гигов живееше во Велес (инаку Страхил Гигов, кога беше именуван за член на ПК, извршувајќи ја задачата, се префрли во Скопје и тука се вработи, но по излегувањето на брошурката по повод 150-годишнината од Францу-

---

[53a] Кочо Попов е роден во Куманово. Член на КПЈ од пред II светска војна член на МК на КПЈ Куманово и во тоа својство е именуван за член на ПК на КПЈ во М акедонија. Како член на МК откажува да оди во Првиот партизански одред 1941 г.

[54] Светозар Вукмановиќ-Темпо, Револуција која тече, Бгд., 1971, стр. 121; Страхил Гигов, Сеќавања, Скопје, стр. 146, 157.

ската революција беше затворен, така што по пуштањето од затвор беше принуден да се врати во Велес — н. б.), а Кочо Попов во Куманово. Во Скопје се наоѓаа Орце Николов и Блажо Орландиќ, кој беше секретар и единствен интелектуалец (студент) во раководството . . . При првата посета успеав да разговарам единствено со Орландиќ, кој ми изнесе дека раководството фактички не функционира, речиси и не се состанува. Кога му побарав да посетам некоја организација во Скопје, ми рече дека тоа не е можно, зашто во целиот град постои само студентската организација."[55]

Колку и да беа во тоа меѓувреме преземени мерки за натамошно консолидирање на Партијата во Македонија, оваа активност набргу беше сосем намалена по паѓањето на секретарот на ПК, Блажо Орландиќ во затвор, на 12 јануари 1940 година.

Во ваква ситуација Светозар Вукмановиќ ја затече партиската организација и при неговото повторно доаѓање во Македонија, во почетокот на 1940 година. Еве што вели тој во своите мемоари за настанатата ситуација по затворањето на Блажо Орландиќ:

„Доаѓајќи повторно во Македонија, сметав дека состојбата се изменила на подобро. Меѓутоа, доживеав изненадување: работите уште повеќе се влошиле. Орландиќ токму тие денови бил затворен. Од членовите на Покраинскиот комитет на слобода останале тројца, и тоа еден во Скопје, другиот во Велес, а третиот во Куманово. Практично раководството не постоеше. По затворањето на Орландиќ раководството беше наполно обезглавено; беше завладеала извесна паника, зашто не се знаеше како Орландиќ ќе се држи."[56]

И покрај тоа, Вукмановиќ своето престојување го искористи да се поврзе со членовите на ПК, како и да ги посети партиските организации во внатрешноста во Македонија. Охрабрен од разговорите со одделни членови на ПК, како и од посетата на некои партиски организации, како на пример во Прилеп, со оглед на впечатокот што го носеше — дека во Македонија има услови за работа на Партијата, Вукмановиќ се врати во Белград и на тогашниот секретар на Политбирото Александар Ранковиќ, во присуство на Милован Ѓилас му реферира за незадоволителната ситуација во Партијата во Македонија, со предлог дека таа ќе може да се подобри ако се смени покраинското раководство, како и некои раководства во градовите, со тоа што при формирањето на нови раководства ориентацијата да биде на нови и помлади кадри, а старите да се задржат, доколку се прилагодат кон новите услови.

---

[55] Светозар Вумкановиќ-Темпо, н. д., стр. 121.
[56] Исто. стр. 123.

Врз основа на поднесениот извештај ЦК на КПЈ одлучи во Македонија по трет пат да го испрати Вукмановиќ, но овој пат во својство на делегат на ЦК на КПЈ, со право да може да го смени Покраинскиот комитет и други месни комитети и организации, за кои смета дека има потреба од тоа. Заедно со Вукмановиќ во Македонија на партиска работа беше испратен Сретен Жујовиќ.

Инструкторите на ЦК на КПЈ, кои во Македонија дојдоа во почетокот на 1940 година, веднаш по своето доаѓање го сменија ПК, кој фактички не постоеше. Нов Покраински комитет не формираа поради тоа што настојуваа составот на новиот комитет да биде од луѓе кои ќе се издигнат низ борба и акции. До формирањето на нов Покраински комитет тие ја презедоа врз себе таа функција.[57]

Поврзувајќи се со партиските организации на теренот, со потпирање врз поистакнатите партиски активисти во одделни градови, тие пристапија кон обновување на партиската организација во Македонија. Во април 1940 година беше формиран нов Покраински комитет, во чиј состав влегоа: Методија Шаторов[57a], Перо Ивановски, Орце Николов и Добривое Видиќ. Во Покраинскиот комитет беше кооптиран и Блажо Орландиќ, а по апсењето на Орце Николов, од средината на 1940 година, беше кооптиран и Коце Стојановски.[58] Во тоа време, во мај 1940 година, беше формиран и Покраински комитет на СКОЈ. Него го сочи-

---

[57] Исто, стр. 123—125, 129—138; АИНИ, Скопје, Мемоарски материјал од Сретен Жујовиќ и Светозар Вукмановиќ-Темпо во ракопис, Исто, наведените сеќавања на Добривое Видиќ, арх. бр. 8212.

[57a] Методија Шаторов, роден во Прилеп во 1897 год. Од крајот на I светска војна емигрант во Бугарија. Член на БКП од 1920 Заземал партиски функции во БКП и Коминтерната. Затворан е од бугарската полиција и суден. Од пролета 1940 до септември 1941 е секретар на ПК на КПЈ за Македонија во кое време направи крупни политички грешки, поради кои е исклучен од редовите на КПЈ.

[58] Во сеќавањето на современиците термините за времето на формирањето на Покраинскиот комитет е даден различно. Според сеќавањето на Светозар Вукмановиќ во ракопис, Покраинскиот комитет во Македонија е формиран во јуни 1940 година, додека во сеќавањата на Перо Иваовски, тогашен организационен секретар на ПК КПЈ за Македонија, неговото повлекување за секретар станало во април 1940 година, а Методија Шаторов Шарло за политички секретар дошол еден месец по него, во мај 1940 година—АИНИ, Скопје, нав. сеќ. на Вукмановиќ и Р-ПО Скопје, стр. 227. Имајќи ја предвид околноста дека Светозар Вукмановиќ во своите сеќавања самиот вели дека точно не се сеќава за времето на формирањето на ПК, туку претпоставува дека е формиран во јуни 1940 година, во отсуство на друг изворен материјал, како најверодостоен податок го сметаме податокот што го дава Перо Ивановски, па според тоа заклучуваме дека ПК на КПЈ за Македонија е формиран во април 1940 година. Како потврда на овој датум е сеќавањето на Добривоје Видиќ за формирањето на Покраинскиот комитет на СКОЈ, кој, според него, е формиран во мај 1940 година, кој пак не можел да се формира пред формирањето на ПК на КПЈ за Македонија — наведеното сеќавање на Добривоје Видиќ, арх. бр. 8212.

нуваа: Бајо Видиќ, Беќо Башиќ, Илчо Јакимоски, а подоцна беа кооптирани и Митре Инадески и Мито Матевски.[59]

За натамошната работа на Партијата во Македонија од големо значење беше Покраинското партиско советување, одржано во Скопје во февруари 1940 година, со партиските активисти од цела Македонија.[60] На ова Советување, како најважно, беше поставено: обновување и организационо зацврстување на партиските организации, чистејќи ги од опортунистичките и колебливите елементи, поенергично пристапување кон водењето на акциите од економски и политички карактер и порешително поврзување на борбата на работничката класа со другите национално угнетени маси во Македонија, со цел да се создаде националноослободително движење во рамките на Народниот фронт.[61] Поставените задачи на советувањето поподробно се зачувани во сеќавањето на Добривое Видиќ, учесник на тоа советување: „Задача на советувањето беше да се поврзе движењето на целата територија и ПК да се стави на чело на напредното националноослободително движење на Македонците, да се развие антифашистичка пропаганда, да се премине на борбени акции, особено меѓу работници, по пат на штрајкови, да се отпочне со издавањето на партиски печат на македонски јазик. Тука е утврден и односот на нашата Партија спрема селанството во Македонија, специјално е објаснувано прашањето за револуционерните можности за работа на нашата Партија на село, со оглед и на националната положба на македонското селанство и на многу тешката економска, речиси колонијална положба. Прашањето на тутунот даваше можност за револуционерни акции за поголема цена на тутунот, за правилно класирање итн.“[62]

Поставените задачи на Покраинското партиско советување беа во согласност со линијата на КПЈ од тој период, која произлегуваше од новонастанатата ситуација во земјата по избувнувањето на империјалистичката војна: опасност Југославија да биде вовлечена во војната на страната на кој и да било војувачки блок, опасност по независноста на земјата поради колебливоста на влада Цветковиќ-Мачек меѓу двата блока и нејзиното одбивање да склучи сојуз со СССР, попуштањето на вла-

---

[59] Добривое Видиќ во своето сеќавање вели дека во Покраинскиот комитет на СКОЈ во прво време влегувале: Добривое Видиќ како секретар и членови: Беќо Башиќ, студент на Филозофскиот факултет во Скопје и Илчо Јакимовски, кој истовремено бил и секретар на МК СКОЈ во Скопје. Подоцна, во јули, биле кооптирани: Мито Матевски и Митре Инадевски. — Наведеното сеќавање на Добривое Видиќ, арх. бр. 8212.

[60] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, наведеното сеќавање на Перо Ивановски и наведеното сеќавање на Вукмановиќ.

[61] АИНИ, Скопје, наведените сеќавања во ракопис на Вукмановиќ, Жујовиќ и Добривое Видиќ.

[62] АИНИ, Скопје, наведеното сеќавање на Видиќ, арх. бр. 8212.

дата на агресивниот притисок на тоталитарните земји со извоз на хранителни продукти во тие земји, поради што во земјата пребрзо дојде до пораст на цените на најосновните хранителни продукти, обидот на владата со разни реакционерни мерки и уредби економските тешкотии да ги префрли врз грбот на работните луѓе и да го задуши незадоволството. Поради тоа, донекаде се изменија и задачите на Партијата: борба против врзувањето на Југославија за кој и да било империјалистички блок, против вовлекувањето на Југославија во војната, одбрана на независноста на земјата, сојуз со СССР, против реакционерните мерки на владата, против скапотијата и шпекулацијата, за слобода, мир, леб, за демократски, национални и социјални права на работниците и национално угнетените маси во Југославија.[63]

По Петтата земска конференција на КПЈ, поради ширењето на империјалистичката војна на Балканот, кога опасноста по независноста на Југославија стана поголема, прашањето за одбрана на независноста на земјата, како основна задача на Партијата, беше ставено на преден план, а потоа и задачите што произлегуваа од тоа: борба за формирање на народна влада со потпирање врз работниците и селаните, сојуз со СССР, давање национална рамноправност и борба против петтата колона.[64]

## 1. Обновување работата на месното партиско и скоевско раководство

Обновата на партиската организација во Скопје е процес врзан за обновата на целокупната партиска организација во Македониј, така што датумот на нејзината обнова паѓа во исто време —јули-август 1939 година. Со обновувањето на партиската организација во Скопје раководеа членовите на Покраинскиот комитет кои се наоѓаа во Скопје: Орце Николов, Блажо Орландиќ, бидејќи ПК вршеше функција на месен комитет на Партијата во Скопје. По апсењето на Орландиќ, на 12 јануари 1940 година, со целокупната партиска работа во Скопје раководеше Орце Николов.[65]

Во колкава мера членовите на ПК успеаја да ја обноват и создадат партиската организација во Скопје засега немаме уште доволно податоци. Според сеќавањето на Светозар Вукмановиќ, кој задолжен од ЦК на КПЈ, како што погоре спомнавме, три пати ги обиколуваше партиските организации во Македонија, со сигурност може да се каже дека партиската организација постоела само на Филозофски факултет, но дека имало и некаква група комунисти околу Орце Николов, единствен член

[63] Преглед историје СКЈ, Бгд., 1963, стр. 265, 275—276.

[64] Јосип Броз-Тито, Реферат на V земска конференција на КПЈ во Загреб „За досегашната работа и задачите на Партијата", сп. Комунист, Бгд., 1946, бр. 1.

[65] АИНИ, Скопје, наведеното сеќавање на Добривое Видиќ, арх. бр. 8212.

на ПК.[66] Исто така, од сеќавањата на Добривое Видиќ, подоцна член на ПК и одговроен за работата по СКОЈ и младината, се дознава дека скоесвката организација на Филозофскиот факултет во Скопје за првпат врз јасни организациони принципи била поставена во есента на 1939 година, однносо биле формирани активи на СКОЈ и истовремено била обновена и организацијата на народната студентска организација.[67]

Во почетокот на 1940 година повторно се работи на обновата на партиската организација во Скопје и тоа под непосредно раководство на делегатот на ЦК на КПЈ Светозар Вукмановиќ и Сретен Жујовиќ, дури и со нивно директно учество во многубројните разговори, со борците на работничката класа и симпатизерите на Партијата.[68] Во периодот на обновата од месните партиски кадри крупна улога одиграа работничките борци: Орце Николов, Цветан Димов и Коце Стојановски, кои во работата на создавањето на организацијата го внесуваа сиот свој жар и љубов и во партиската организација во Скопје го внесоа целиот свој живот.[69]

При создавањето и обновата на партиската организација во Скопје во почетокот се одеше само на создавање групи од напредни луѓе — работници, средношколци, народна интелигенција и др., кои беа проверувани во борбата и акциите и по тоа проверуваењ на самите себеси можеа да станат членови на КПЈ и на СКОЈ. За почетокот на создавањето на партиската орга-

---

[66] АИНИ, Скопје, наведеното сеќавање на Вукмановиќ во ракопис.

[67] АИНИ, Скопје, наведеното сеќавање на Добривое Видиќ.

[68] Светозар Вукмановиќ, говорејќи за своето ангажирање во месната партиска организација во Скопје, во своите објавени сеќавања вели: „По доаѓањето во Скопје го распуштивме старото раководство. На Орце Николов му дадовме задача да воспостави лична врска со работниците и на тој начин да формира групи во секоја поголема или во неколку помали работилници од иста струка. Овие групи требаше да организираат разни акции. На таа работа бев и јас ангажиран. Патот што го одбравме беше сврзан со големи напори и ризици. За да дојдеме до правиот човек, често моравме да водиме разговор со повеќе луѓе, а тоа ни одземаше драгоцено време и не изложуваше на опасност да бидеме откривени. Сакајќи да постигнеме успех што побрзо, одлучивме состаноците да ги држиме преку цел ден, од утро до вечер. Често немавме време ни да ручаме." — Светозар Вукмановиќ, н. д., стр. 130—131. За несебичната и самопрегорна работа на двајцата инструктори на ЦК на КПЈ во обновувањето на партиската организација во Скопје се сеќаваат и тогашните партиски активисти од Скопје: Илчо Јакимовски, Милева Сабо и други. — АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 28—29, 39—41. Илчо Јакимовски, кој бил примен за член на КП од Вукмановиќ и подоцна станал член на МК за Скопје, сеќавајќи се на овие настани, вели: „Другарот Темпо и Жујовиќ одиграа особено голема улога во партиската организација тука. Се сеќавам како сега, кога ќе идевме на состанок на МК, Темпо веднаш прашуваше: „Што бидна другари, колку работници имате. . .". — Исто.

[69] За преданата работа на Орце Николов најилустративно е забележано во сеќавањата на Светозар Вукмановиќ, кој, зборувајќи на V земска конференција на КПЈ за форсирање темпото во работата на создавањето на партиски организации во Македонија, како пример го навел Скопје: „Навео сам им пример таквог рада — да је чак и Орце Николов од силлног темпа пао у несвест" — АИНИ, Скопје, наведените сеќавања на Светозар Вукмановиќ; Светозар Вукмановиќ, н. д., стр. 134.

низација во Скопје, во своите сеќавања Светозар Вухмановиќ вели: „Во сите фабрики и работилници каде што имаше работници, создававме мали работни групи. Тоа не беше собир на комунисти, туку групи активни работници, речиси прекрасен материјал со кој можеше да се работи.[70] На создавањето на овие групи се работеше со брзо темпо, неуморно, и дење и ноќе, насекаде и на секое место — во фабриките, работилниците, одделни улици и квартови, во училиштата, студентските домови и др. Благодарејќи на таа самопрегорна работа на партиските активисти, за релативно краток период беше создадена и обновена партиската организација во Скопје.

Напоредно со обновувањето на партиската работа во Скопје, во март-април 1940 година се формирани и МК на КПЈ и МК на СКОЈ за Скопје, кои раководеа со работата на партиската и скоевската организација во Скопје.[71] Со натамошниот развој на партиската организација во Скопје, составот на Месниот комитет на КПЈ и Месниот комитет на СКОЈ се менуваше и дополнуваше.

Во квечерината на војната во Месниот комитет на КПЈ беа следните лица: Орце Николов, секретар, кој беше заменет од Коце Стојановски кога Орце Николов падна в затвор и членовите: Коце Златев, Илчо Јакимовски, кој истовремено беше секретар на МК на СКОЈ, Периша Savelиќ, Благоја Давков и Боге Кузмановски. Во тоа време Месниот комитет на СКОЈ го сочинуваат: Илчо Јакимовски, секретар, и членовите: Вукашин Ивановиќ, Боте Боцески, Лилјана Манева, Митре Инадески и Ружа Бак. Едно време во МК на СКОЈ бил и Мито Матевски, но тој бил повлечен во ПК на СКОЈ за Македонија.[72]

Месниот комитет на КПЈ ги имаше овие сектори на работа: народна помош, младината, сектор за работа на село, за работа меѓу жените, додека во Месниот комитет на СКОЈ беа застапени следниве сектори на работа: работничка, студентска, средношколска и работа со селска младина.

Според тоа, при Месниот комитет во Скопје во ова време функционираше и Местен одбор за народна помош, во чиј состав беа: Коце Златев, Блага Попова, Перо Јарчев, Душко Лу-

[70] АИНИ, Скопје, наведеното сеќавање на Вукмановиќ во ракопис.

[71] Според сеќавањето на Перо Ивановски, Месниот комитет во Скопје е формиран пред неговото доаѓање во Скопје за член ПК на КПЈ за Македонија ,кое станало во април 1940 година, од што заклучуваме дека Месниот комитет е формиран во месец март—април 1940 год. — АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 3, 179—187.

[72] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, ср. 3, 136—137, 179—187; Исто, фактографски материјал за партиската организација во Скопје (Ф-ПО), Скопје), прилог „Историја на НОБ во Скопје»; Според сеќавањата на Добриое Видиќ, во прво време тој бил член на Месниот комитет на КПЈ во Скопје и истовремено бил секретар на МК СКОЈ Но подоцна, кога бил формиран ПК на СКОЈ, и Видиќ станал негов секретар, за секретар на МК на СКОЈ дошол Илчо Јакимовски, кој истовремено бил член на МК на КП. — Наведеното сеќавање на Добривое Видиќ во ракопис.

каревски, Ристо Дуковски и Дејан Алексиќ. Кратко време, пред да биде конфиниран во логорот Ивањица, во Одборот беше и Васил Стефановски[73]. Според скудните податоци, непосредно спроти војната при Месниот комитет беа формирани: Комисија за работа меѓу жените [74] и Комисија за работа на село.

Во текот на создавањето и изградувањето на Партијата, комунистите во Скопје, со помошта на инструкторот на ЦК на КПЈ, поведоа енергична борба против разните ликвидаторски тенденции и фракции ,како и против влијанието на Петко Милетиќ врз некои членови на КП. Во таа смисла прилично енергична борба беше водена против ликвидаторските тенденции на Анте Грубишиќ, кој илегалната работа на Партијата сакаше да ја замени со легална партија.[75] Борбата против групата на Анте Грубишиќ беше прилично тешка поради тоа што Грубишиќ успеа да се здобие со извесни позиции меѓу интелектуалците во Скопје. Тој, притоа, ја користеше својата положба од порано, додека беше член на Иницијативниот одбор на Партијата на работниот народ- чие формирање беше покренато по иницијатива на Покраинскиот комитет на Македонија во 1937 година, со цел да се создаде легална работничка партија, за да може преку неа да се создаде можност за учество на работничката класа во блокот на Народната спогодба. На рака секако му одеше и непостоењето на партиски форум во Македонија — Покраинскиот комитет за Македонија и Местен комитет во Скопје во времето од 1937—1939 година. Покраинскиот комитет издаде и посебен леток против групата на Грубишиќ, така што тоа уште повеќе придонесе во борбата за нивното раскринкување.[76] Потоа, групата на Грубишиќ воопшто веќе не се чувствуваше, како ни нејзиното влијание.

Во борбата против влијанието на Петко Милетиќ на Партијата не ѝ беше потребен многу труд. Влијанието на Петко Милетиќ беше многу слабо, речиси никакво, но и покрај тоа требаше наполно да се разобличи како предавник и провокатор пред луѓето кои привремено беа потпаднале под негово влијание, и кои го прифатија и му овозможија, преку Скопје, да ја напушти земјата. Овој процес околу неговото раскринкување беше брзо завршен, така што тие луѓе веднаш преминаа на по-

---

[73] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 91, 134 и Ф-ПО Скопје, стр. 81.

[74] Женската комисија при МК Скопје е формирана во март 1941 год. Членови на оваа Комисија биле: Милева Сабо, Споменка Шикиќ, Веса Крапчева и Филимена Михајлова. — АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 193—194 и Ф-ПО Скопје, стр. 16.

[75] АИНИ, Скопје, наведените сеќавања во ракопис на Светозар Вукмановиќ и Добривое Видиќ; Вукмановиќ, н. д., стр. 134—135.

[76] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 40—41, 74, 81, 82, 96; Весник „13 Ноември», Скопје, год. IX, бр. 9, Боге Кузмановски, ст. „КПЈ спроти окупацијата на Југославија“.

зициите на КПЈ.[77] Во тоа време на Филозофскиот факултет, исто така, беше разобличен студентот Драго Брајовиќ и тоа од страна на самите студенти — комунисти.[78]

Партијата во овој период водеше остра борба и против социјалдемократите кои заседнаа во Урсовите синдикати и го имаа раководството во свои раце.[79] Поради својот став за класен мир со буржоазијата, социјалдемократското раководство настојуваше во синдикатите да го затапи сечилото на борбата на работничката класа за нејзините права, правејќи ги на тој начин синдикатите реформистички. За да ги отстранат социјалдемократите од раководството во синдикатите, комунистите — работници поведоа акција за освојување на една по една синдикална организација, насочувајќи ја истовремено нивната работа кон порешително водење на борбата за своите права по пат на тарифни акции и штрајкови. Со неуморно залагање комунистите — работници во тоа и успеаја — наместо реформистичките водачи, на раководните места во синдикатите дојдоа или комунисти, или напредни работнички борци, приврзаници на класната борба на работничката класа.[80] Во 1940 година во рацете на класносвесните работници беа не само управите на подружниците, туку и меѓуструковиот одбор, во кој беа избрани следниве работници: Илчо Јакимовски, Цветан Димов, Коце Стојановски, Чедо Миленковиќ, Коце Златев и Александар Парговски.[81] Реформираните и обновените Урсови синдикати, без социјалдемократските водачи, наскоро се ставија на чело на работничката класа на Скопје и ја поведоа во решителна борба за подобрување на нејзините тешки услови за живот и работа.

Целата своја работа против ликвидаторските тенденции и разните фракционерски влијанија, како и против социјалдемократите беше придружена со работа врз теоретското издигање на партиските кадри. На теоретските состаноци се обработувани материјалите: Историјата на СКП(б), Основите на ленинизмот, Развитокот на општеството и друг партиски материјал.[82] Тоа,

[77] АИНИ, Скопје, Реконструкција на студентското движење во Скопје, извршена во декември 1977 година; Исто, фактогравски материјал за ПК КПМ (Ф-ПК КПМ), стр. 41, Изјава на Перо Ивановски.

[78] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 6, 7, 17 и Ф-ПО Скопје, стр. 86; Д. Видиќ во своите сеќавања во врска со фракционерската група на Драго Брајовиќ и борбата против неа, вели: „Паралелно со оваа борба против Грубишиќ во Скопје, се појави една фракција која на прв поглед не ја негираше Партијата, т.е. потребата од нејзино постоење како самостојна, посебна и раководна организација, но која многу подмолно се обидуваше да го оневозможи нејзиното создавање. Неа ја водеше Драго Брајовќ, Црногорец, студент на Скопскиот факултет . . .“. — Исто.

[79] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, Сеќавања на Боге Кузмановски, стр. 21, 22, Илчо Јакимовски, стр. 29, Ангеле Петковски, стр. 22, 29 и Ф-ПО Скопје, стр. 34; Исто, наведеното сеќавање на Вукоовиќ; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 79.

[80] Исто.

[81] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 26, 28 и Ф-ПО Скопје, стр. 117, Биографски податоци на Александар Парговски.

[82] АИНИ, Скопје, Р-ПО, Скопје, стр. 70.

како и мерките за партиска дисциплина, партиска одговорност и изградбата на вистински лик на комунист, придонесоа партиската организација во Скопје да стане една од најконсолидираните партиски организации во Македонија.

Врз основа на усвоените заклучоци на Покраинското партиско советување во февруари 1940 година, како и врз основа заклучоците на Покраинската партиска конференција од 7 септември 1940 година и на Петтата земска конференција од ноември 1940 година, Партијата во Скопје, во текот на 1940—1941 година, организираше и раководеше со многубројни економски и политички акции, предводејќи ги широките народни маси во борбата против империјалистичката војна, за одбрана на независноста на земјата, за сојуз со СССР, во борбата против скапотијата и шпекулацијата, за подобрување на економските услови на животот, за национална рамноправност и самоопределување на македонскиот народ.

## 2. Штрајкачки и тарифни акции

Најзабележлив успех на Партијата во Скопје во годините спроти војната беше цел бран од работнички штрајкови и тарифни акции, што работниците од Скопје, под нејзино раководство, ги водеа за подобрување на својата економска положба, за скратување на работното време, зголемување на надниците, за правото на слободна синдикална организираност и друго. Работниците од Скопје, под раководство на Партијата, само во текот на 1940 година изведоа 17 тарифни акции и штрајкови, од кои 12 беа штрајкови, а 5 тарифни акции.[83] Во мај 1940 година акција водеа папучарските работници[84], а во штрајк стапија работниците од работилницата за ќилими, работниците од текстилната фабрика „Вардар" и работниците во претпријатието „Тулбен".[85] Во август 1940 година во штрајк се наоѓаа работниците во фабриката за керамика „Кис"[86]; во септември и октомври истата година имаше најголем број штрајкови и тарифни акции, и тоа во септември во штрајк стапија металските работници во металската работилница на Папатеодоси[87], металската

[83] АИНИ, Скопје, Ф-ПО Скопје, прилог „Историја на НОБ во Скопје, стр. 14; Дејан Алексиќ, наведено дело, стр. 167—178, 180—196, 199.

[84] Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 20; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 186—187.

[85] Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 18; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 176—178; Вес. „13 Ноември", Скопје, 1971, год. X, бр. 10, Денка Димова, ст. „Килимарскиот штрајк во 1904 година"; Исто, Боро Арсовски, ст. „Штрајкачкото движење на текстилните работници».

[86] Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 20; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 195—196.

[87] Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 20, бр. 21 и бр. 22; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 168—172.

работилница на Антон Ручигај[88] и металската работилница на Перо Поповиќ[89], кои продолжија и во текот на октомври; потоа во штрајк стапија работниците од фабриката за конзерви „Факир"[90] и столарските работници за мебел на Тохољ[91], а тарифни акции водеа дрводелските[92] и берберско-фризерските работници[93]; во октомври 1940 година, покрај штрајкот на металските работници, акција водеа и шивачките работници[94] а во штрајк се наоѓаа и чевларските работници[95], потоа работниците во мелницата „Балкан"[96] и „Шабанпаша"[97]. Покрај овие, забележани беа и некои поситни акции на работниците за подобрување на условите на работа во просториите во кои тие работеа. Такви беа акциите на метларите[98], бојаџиите[99] и други.

Во април 1940 година во Скопје дојде до прекин на работата и на 270 монополски работници, во знак на протест поради тоа што Управата на монополот ги одбила барањата на монополските работници да им ги зголеми дневниците.[100] Ова се случило истиот ден кога со работа прекинале 500 монополски работници и во Велес, па затоа можеме да сметаме дека причините за прекин на работата биле исти и во Скопје и во Велес.

Најголем број од работничките штрајкови и тарифните акции завршија со успех, со потпишување на колективни договори со кои, според специфичноста на стопанската гранка, се предвидуваше: зголемување на надниците, намалување на работното време, признавање на синдикалната организација на УРС, право на прослава на Први мај, право на избирање работнички повереници, укинување на прекувремената работа и задолжително плаќање на секоја прекувремена работа; освен тоа колективните договори ги обврзуваа работодавачите да ги подобрат хигиенските услови за работа, како и примањето на нови работници исклучиво да се спроведува преку подружни-

---

88 Вес. „Наша реч", Исто; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 172—174.

89 Дејан Алексиќ, н. д., стр. 175—176.

90 Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 20; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 196.

91 Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 21; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 199.

92 Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 20; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 184.

93 Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 21; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 192—195.

94 Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 21 и бр. 22; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 181—184-

95 Вес., „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 22; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 188—189.

96 Исто; АВИИ, фонд Глвен генералштаб, к. 31, 57/4, фотокопија во АИНИ, Скопје, — Во врска со штрајкот во мелницата „Балкан" воените власти во Скопје, во месечниот извештај од октомври 1940 година, јавуваа дека: „На 30 октомври во 12 часот во штрајк стапиле работниците на работа во автоматската мелница „Балкан" во Скопје со цел да ги зголемат надниците и заклучат колективен договор".; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 190—192.

97 Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 22; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 189—190.

98 АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 64.

99 Исто.

100 АВИИ, фонд Главен генералштаб, к. 31, 13/4, Извештај на III-та Армиска област за месец април 1940 година.

ците.[101] Со неуспех заврши единствено штрајкот на работниците во текстилната фабрика „Вардар“ и во претпријатието за конзерви „Факир“, каде што работодавачите, со употреба на сила, успеаја да ги скршат штрајкачите.[102] Меѓутоа, тоа не го намали успехот на целата ова акција. Постигнатите резултати навистина беа големи и претставуваа силна победа на работничката класа од Скопје. Поради тоа што повеќе штрајкови избувнаа истовремено во повеќе стопански гранки и поради тоа што многу брзо се ширеше бранот на штрајковите и во други стопански гранки, со право може да се каже дека штрајкачката акција во 1940 година претставуваше прв генерален штрајк на работниците од Скопје. Со тоа тие со златни букви ги напишаа страниците на историјата на работничкото движење во Скопје.

Борбата на работниците од одделни стопански гранки и подружници преку акциите да ги остварат своите права влијаеше врз подигањето на борбениот дух и кај другите работници, така што работниците и од другите гранки го кренаа својот глас. Тие исто така го подигнаа прашањето за својата положба, како проблем што треба итно да се реши. Графичките работници го истакнуваа прашањето за почетниците-калфи и бараа работодавачот да ги задржи на работа најмалку 6 месеци по положениот калфински испит со иста висина на надницата, како и постарите работници.[103] Тоа тие го бараа поради тоа што работодавачите не сакаа да им плаќаат иста надница на новите калфи и не ги примаа на работа. Трговските помошници исто така ја истакнуваа својата тешка положба и го поставуваа прашањето за менување на раководството во нивната синдикална организација со поборбени членови, кои ќе покренат акција[104], додека монополските работници успеаја да ги сменат членовите на управата, заменувајќи ги со нови напредни работници,

[101] Вес. „Наша реч“, Скопје, 1940, бр. 18, бр. 20, бр. 21 и бр. 22.

[102] Весникот „Наша реч“, кој редовно известуваше за штрајкачките акции, пишуваше и за причините на нивниот неуспех. Во еден од своите броеви вес. „Наша реч“ за штрајкот на работниците во тектилната индустрија „Вардар“ пишуваше: „Штрајкот траеше повеќе од 15 дена, па поради виша сила беше скршен, додека во еден друг број причините за неуспехот беа подетално изнесени: „Причините за неуспеот на овој штрајк беа различи. Главно еден дел од работниците не беа доволно борбени ниту свесни за своите права, па затоа под незаконитиот страшен притисок на работодавачите попушти и одигра улога на штрајкбрехери“. — Вес. „Наша реч“, Скопје, бр. 18 од 14 јуни 1940 и бр. 20 од 1 октомври 1940; весникот исто така соопштуваше и за штрајкот на работниците во фабриката за конзерви „Факир“, кој исто така заврши без успех: „Работниците стапија во штрајк кој траеше сè на сè 2 дена. Поради недоволната организираност на ова движење и недоволната свест на некои работнички, работодавачот успеа, со страшен притисок, да го скрши штрајкот.“ — вес, „Наша реч», Скопје, 1940, бр. 20.

[103] Вес. „Баша реч“, Скопје, 1940, бр. 14—15.

[104] Вес. „Наша реч“, Скопје, 1939, бр. 8,

борци во класното работничко движење, од кои поголем број беа комунисти.[105]

Штрајкачкиот бран ги заплаши некои од работодавачите, така што таквите работодавачи, без да покренат работниците акција, самите им ги зголемувале надниците. Таков беше случајот со работодавачот во металската работилница на Милан Шобота[506], кој им ги зголеми надниците на работниците, за да не стапат и тие во штрајк како работниците во другите метални работилници.

Работодавачот во текстилната фабрика „Вардар", иако успеа да го скрши штрајкот, беше принуден да задоволи некои барања на работниците. Весникот „Наша реч", по повод на овој случај, пишуваше: „Иако штрајкот е скршен ... набргу по враќањето на работниците на работа, работодавачот мораше да попушти. Тој подобри некои од техничките и хигиенските услови за работа иако дневниците и должината на работниот ден останаа исти."[107]

Штрајкот во текстилната фабрика „Вардар" изврши влијание и врз работодавачот во фабриката „Тулбен" и тој да попушти пред барањата на работниците во неговата фабрика. Весникот „Наша реч", известувајќи и за овој случај, пишуваше: „Исто така, како индиректен резултат на овој штрајк (на работниците од текстилната фабрика „Вардар" — н. б.), треба да се припише успехот на работниците во текстилната фабрика „Тулбен", на кои претпријатието им ги зголеми дневниците."[108]

За време на штрајкачките и тарифните акции висока свест покажа и чирачката работничка младина. Тие, заедно со своите постари другари, се бореа за остварување на своите посебни барања, со оглед на тоа што работничката младина тогаш претставуваше најголем извор на експлоатација.

Благодарение на таа нивна упорност и со помош на постарите другари-работници, во поднесените нацрт-договори до работодавачите задолжително беа внесувани и барањата на чираците. Како пример за тоа — како е решавано прашањето на чираците, ќе го наведеме предложениот нацрт на колективен договор од страна на подружницата на шивачките работници. Во член деветти од овој договор за чираците-шивачи се предвидуваше дека, „работодавачот е должен со чираците да склучи уговор, со кој на чираците ќе им се обезбеди правилно изучување на занаетот; ослободување од секаква физичка работа и малтретирање; и осумчасовно работно време. Примањата на чираците да изнесуват 5 динари, а за втората година 10 динари на

---

[105] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, наведеното сеќавање на Боге Кузмановски стр. 26.

[106] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 75.

[107] Вес. „Наша реч", Скопје 1940, бр. 20.

[108] Исто.

ден. Се забранува секоја прекувремена ноќна работа за чираците."[109] Слични барања во договорите беа поставувани и од страна на берберско-фризерските, столарските, металските работници и други.

Во текот на штрајкачкото движење порасна борбената и класната свест на работниците. За тоа говори успешниот отпор на работниците против обидите на работодавачите со сила да го скршат штрајкот, со доведување на штрајк-брехери, полициски сили и жандармерија.[110] За време на штрајковите доаѓаше и до судири меѓу штрајкачките стражи и штрајк-брехерите и меѓу штрајкачките стражи и полицијата.[111] По својата борбеност и морал особено се истакнуваа металските работници од работилницата на Папатеодоси и Антон Ручигај, кои во штрајкот издржаа 50 дена[112]. Тие се покажаа готови да ги бранат постигнатите права на колективниот договор. Само еден ден по неговото влегување во сила и враќањето на работниците на работа, штом работодавачот се обиде да отпушти некои работници, работниците од работилницата на Ручигај повторно стапија во штрајк во траење од еден ден и ги оневозможија намерите на работодавачот.[113] Прогресивниот весник „Наша реч", пишувајќи за штрајкот на металските работници, за моралот на работниците, го објави следново: „Моралот на работниците е одличен. Никакви заканувања и притисоци не ги заплашија.... Работниците се од утро до мрак пред своите претпријатија. Некој би помислил дека се исплашени и вознемирени, бидејќи веќе 40 односно 27 дена не работат, а работодавачите секој ден им се заканувааат. Меѓутоа, кај работниците владее одлично расположение. Минувачите мислат дека тука има свадба. Штрајкачките стражи и кај Папатеодоси и кај Ручигај за цело време пеат, свират и играат. Работниците се уверени во победата, зашто знаат дека нивните барања се оправдани."[114]

За време на штрајкачките и тарифните акции брзо порасна бројот на зачленетите работници во Урсовите синдикати. Подружниците на одделни бранши организационо јакнеа и се стабилизираа. Поголемиот број од нив во текот на овие акции

[109] Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 21.

[110] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 23, 75, 76, 77 и 128—129; Според пишувањето на весникот „Наша реч", работодавачот во фабиката за конзерви „Факир" како одговор на објевениот штрајк реагирал со отпуштање на 14 работници, па дури на работниците им се заканувал и со пушка во рака. — вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 20.

[111] АИНИ, Скопје, наведеното сеќавање на Добривое Видиќ; Исто, Р-ПО Скопје, стр. 14; во еден од извештаите на Вардарскиот жандармериски полк од Скопје, покрај другото, се споменува и судирот меѓу штрајкчите и жандармеријата во текстилната фабрика „Вардар" во Скопје. — АВИИ, фонд Главен генералбашт, к. 31, бр. 13/4, фотокопија во АИНИ Скопје.

[112] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 168, 171, 173, 174.

[113] Весл. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 22.

[114] Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 21.

ја обновија својата работа. По овие многубројни штрајкачки и тарифни акции синдикатите наполно го изгубија белегот на реформистичките синдикати. Преку штрајковите јакнеше единството на синдикалните организации, кои добиваа сè повеќе во значењето и претставуваа силно оружје во рацете на работничката класа.[115]

Од редовите на најборбените и најпредадените работници се создаваа првите воспитни групи, кои за неколку дена прераснуваа во кандидатски, а потоа од нивните редови се формираа и партиски ќелии или скоевски групи. Како резултат на тоа партиската и скоевската организација во Скопје сè повеќе се развиваше и градеше во организационен поглед врз производствен принцип.

За време на овие акции до полн израз дојде и солидарноста на целата работничка класа во Скопје. Работниците од другите претпријатија и работилници со симпатии ја следеа борбата што ја водеа нивните другари работници за остварување на нивните права. Своите симпатии за работниците-штрајкачи ги изразуваа со собирање помош за нив. Еве како изгледаше таа солидарност на другите работници со работниците-штрајкачи, според една статија, во весникот „Наша реч": „Ние, работниците од мелницата „Куманово" во Скопје, на 4 ноември 1940 година цел ден работевме за работниците-штрајкачи во мелницата „Балкан". Нашите другари од мелницата „Балкан" стапија во штрајк, бидејќи сакаа да ги подобрат мизерните плати и да го намалат работното време од 10—12 на 8 часа дневно. Ние мелничарите од мелницата „Куманово" сфативме дека тоа е наша борба и сите со симпатии ја следевме нивната акција. Кога на 1 ноември оваа година ги примивме платите, сите дадовме за другарите скромна штрајкачка помош, но сите ја дадовме од срце".[116] Секако дека работниците-штрајкачи по вак믿ите случаи на солидарност и изрази на симпатии станyваа поборбени, што се гледа од истата статија: „Другарите од мелницата „Балкан" знаеја дека е ова драгоцена помош, дека таа не е само помош во пари, туку дека е тоа знак на голема другарска солидарност и затоа беа одушевени. Тие знаеја дека и другите работници се со нив и затоа станаа посилни. А ние работниците сме горди што можеме да дадеме мал другарски прилог за нашите другари штрајкачи".[117]

Работничките штрајкови и судири на работниците со работодавачите и полицијата имаа силен одглас во другите слоеви на народот. Работниот свет, младината (средношколската и

[115] Вес. „13 Ноември", Скопје, год. IX, бр. 9, Боге Кузмановски, ст. „КПЈ спроти окупацијата на Југославиај".

[116] Вес. „Наша реч», Скопје, 1940, бр. 22, ст. „Солидарност радника из млина „Куманово" са штрајкачима из млина „Балнак"; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 191.

[117] Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 22; Дејан Алексиќ, н. д. стр. 192.

студентската) на разни начини ги изразуваа симпатиите и поддршката на штрајкачите. Тоа најмногу дојде до израз во собирањето на парична и друга материјална помош за штрајкачите и за нивните семејства. На еден состанок на Пододборот на народната помош во Дебар-Маало, кој најмногу се ангажираше во собирањето помош за штрајкачите, стануваше збор за тоа, дека помош за штрајкачите треба да се собира не само во пари, туку и во материјали, па по овој состанок беа собрани доста продукти.[118] Средношколската младина исто така активно учествуваше во собирањето парична помош за штрајкачите, но организира и собирање стара хартија и парите од продадената хартија им ги предаваше на штрајкачите.[119] На работниците-штрајкачите огромна помош им укажаа и студентите, кои заедно со работниците стражареа и се тепаа со полицијата.[120] Командата на Вардарскиот жандармериски полк, која будно го следеше штрајкот на работниците, го забележа присуството на студентите на штрајкачките стражи, па во својот извештај го запиша следното: „На дваесетти мај во комунистичката база во Скопје, кај индустриското претпријатие за текстил „Вардар" избувна штрајк предводен од петмина студенти-комунисти".[121]

Така штрајкот на работниците ги минуваше рамките на економската борба и добиваше карактер на политички демонстрации на целиот македонски народ против владата Цветковиќ-Мачек, која со својата политика ја доведе земјата во тешка економска состојба и ја туркаше во рацете на фашизмот, против денационализаторската политика на владеачката великосрпска буржоазија и нејзините помагачи во редовите на националната буржоазија на другите југословенски народи. Општо земено, ова движење на штрајкачите, потпомогнато и од другите широки народни маси во Скопје, стануваше дел од националноослободтелното движење на целиот македонски народ.

Светозар Вукмановиќ, под чие раководство се обновуваше партиската организација во Македонија, па и во Скопје, во своите мемоари за карактерот на штрајковите ја даде следнава оценка:

„Партијата ги освојуваше позициите во работилниците и претпријатијата, а и во синдикатите. Акциите кои почнавме да ги водиме ги надминаа сите наши очекувања. За неполни два месеца само во Скопје избувнаа 8 поголеми штрајкови; со нив раководеа групи работници, коишто ги формиравме порано . . . . За разлика од другите краишта на Југославија, секој штрајк

[118] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 134, Сеќавање на Ристо Дуковски.

[119] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 73.

[120] Исто, наведеното сеќавање на Добривое Видиќ.

[121] АВИИ, фонд III армиска област, нерегистриран материјал, Извештај на Вардарскиот жандармериски полк во Скопје од 2 јуни 1940 година.

добиваше изразито политички карактер. И тоа не затоа што ние така сакавме. Напротив, нам повеќе ни одговараше да водиме штрајкови за чисто економски барања и да не влегуваме во судир со полицијата. Но, на власта ѝ беше потребно секој штрајк да добие и белег на политички судир со тоа тие можеа да ги оправдуваат многу побруталните мерки против штрајкачите, вклучувајќи го и распуштањето на синдикатите ... Моравме да го прифатиме предизвикот на власта или да се откажеме од секаква борба, па и од штрајковите. А ова второто воопшто не доаѓаше предвид! Затоа борбата сè повеќе се разгоруваше и статуваше поостра. Во судирите моравме да уфрлуваме и наши сили од Универзитетот. Со тоа штрајковите уште повеќе добиваа политички карактер. Судирите сè повеќе се продлабочуваа."[122].

Дејан Алексиќ, кој активно го следеше штрајкачкото движење, подоцна го запиша следново: „Штрајкачкото движење, водено од одделни синдикални организации и од раководството на Партијата, доби широки размери и имаше национално-револуционерен карактер, бидејќи објективно, покрај класниот, имаше и национално-економски карактер во борбата на македонскиот народ за добивање на национална слобода и економски права".[123]

За штрајкачкото движење во Скопје во тоа време најмногу известуваше легалниот весник на Партијата „Наша реч". Следејќи ги штрајкачките и тарифните акции, овој весник нашироко пишуваше одделно за секој штрајк на работниците. за неговите успеси или неуспеси, укажуваше на недостатоците, истовремено упатувајќи ги работниците во изнаоѓање на решенија за настанатите проблеми. Така весникот „Наша реч" во еден од своите броеви во врска со спомнатиот штрајк на работниците во мелницата „Балкан" пишуваше: „Мислам дека задачата на „Наша реч" не е само да ја забележи акцијата и успехот на работниците за подобрување на нивната тешка економска положба, туку и да укаже искрено и другарски на недостатоците и пропустите во тие акции. Подружницата на прехранбените работници во Скопје не успеа да ги организира работниците во мелницата „Шабан-паша", ниту да го прифати спонтано избувнатиот штрајк (во мелницата „Балкан — н. б.)". Поради тоа, во истиот текст се констатира дека успехот на штрајкот во мелницата „Балкан" не бил целосен, иако работниците покажале готовност да истраат во борбата за своите барања, па затоа „работниците во ова мелница и натаму работат по 10 часа дневно, а и тие права што ги имаат добиено не се сигурни, зашто не се загарантирани со колективен договор."[124]

---

122 Светозар Вукмановиќ, н. д., стр. 135, 138.
123 Дејан Алексиќ, н. д., стр. 158.
124 Вес. „Наша реч", Скопје, 1940, бр. 21.

За штрајкачкото движење на скопските работници пишуваше и илегалниот партиски печат. Весникот „Билтен", орган на ЦК на КПЈ за Македонија, во својот број од 30 септември 1940 година објави статија под наслов: „Скопските работници се борат за своите права". Опишувајќи ја тешката положба на скопските работници, поради која тие влегуваа во акција, во статијата се вели:

„Тешката економска криза, што завладеа поради империјалистичката војна, им даде можност на фабрикантите и господарите да вршат голема и бездушна експлоатација над работниците. Стоките и хранителните продукти многу поскапеа, а надниците останаа исти како што беа порано, кога хранителните продукти беа поевтини од денеска. Условите за работа се многу тешки. Нема никакви заштитни направи на машините, многу работници останале без рака и без очи, неспособни за работа, и тогаш работодавачите ги исфрлуваат работниците надвор, зашто не можат да вршат експлоатација над нив. Нема никаква хигиена, нема никаква грижа за здравјето на работниците во фабриките и работилниците. Се работи по 10 и 12 часа на ден . . ."[125]

Извлекувајќи заклучок дека работниците, поради тоа што не можеа да ја поднесат тешката економска положба, стапувале во штрајк, во статијата се наведуваа кои работници и од кои стопански гранки стапиле во штрајк:

„Досега штрајкувале папучарите, ќилимарките, текстилната „Вардар", ќерамика и конзерва. Дрводелските работници водева тарифна акција која успеа со 25% повишица и подпишан колективен уговор. Берберските работници се во тарифна акција, Млинарите се во покрет за акција и шивачките работници. Металските работнци водат херојска борба, која се води веќе 30 дена во металното претпријатие на Тодор Ѓ. Папатеодосије во Скопје . . . Сега се во штрајк металските работници на браварската работилница Антон Ручигај . . .".[126]

Во записникот, воден на V земска конференција на КПЈ, одржана од 19 до 23 октомври 1940 година во Загреб, за штрајкачкото движење во Скопје е забележана дискусијата на Коце Стојановски, тогашен секретар на Месниот комитет на КПЈ за Скопје:

„Македонецот. — борба со социјалдемократите во Скопје. Го освоиле М. М. О. Создавање на синдикални активи. Порано во СК биле организирани 40 работници, сега во синдикатите 1.000. Формиран Абрашевиќ, започнале со приредби. Акции — 9 штрајка во последно време, 2 тарифни акции. Металците во борба 40 дена. Успех. II металски штрајк веќе 30 дена сѐ уште е во тек.

[125] Вес. „Билтен», септември 1940, бр. 3, АМ, арх. бр. 025.
[126] Исто.
[127] Ам, арх. бр. 022.

— Искуството покажа и тоа дека во синдикатите и акциите и успесите доаѓаат само под раководство на Партијата".[128]

Иако дискусијата е дадена во вид на кратки белешки, овие податоци имаат крупно значење и од гледиште на тоа што долго време не беше зборувано за борбата на работничката класа во Македонија на еден таков форум, каков што беше овој, кој имаше карактер на конгрес.

Режимот, кој во движењето на штрајкачите виде опасност за општествениот поредок, бидејќи во него гледаше појава на нова општествена политичка сила — работничката класа со нејзината авангарда КП, презеде мерки да го уништи. Затоа тој против штрајкачите испраќаше полициски одреди и жандармерија, ги апсеше, а кога тоа не му успеа, тогаш примени принудна воена мобилизација на работниците и студентите[129].

Месниот комитет, во својот проглас од септември 1940 година, известувајќи ја јавноста за теророт што го применуваа режимските власти над работниците-штрајкачи, пишуваше: „Власта и полицијата, наместо да ги помагаат и да ги остават работниците слободно да се борат и да ги заштитуваат своите интереси, својот леб, тие ги помагаат господарите и фабрикантите. Полицијата отворено застанува на страната на експлоататорот. Тој ги заплашува, растерува и апси работниците затоа што барале големи надници. Над работниците се врши голем терор."[130] Поради тоа, Месниот комитет во истиот проглас ги повикуваше работниците да протестираат против теророт на господарите и полицијата.[131]

Поради улогата што ја одиграа Урсовите синдикати во организирањето на борбата на работничката класа за подобрување на нејзината положба во целата земја, владата, кон крајот на декември 1940 година, донесе одлука со која ја забрани нивната работа. Меѓутоа, со забраната не престана и нивната работа во Македонија. Меѓустручковиот одбор, како и одделни синдикални подружници, продолжија илегално да работат. Добривое Видиќ во своите сеќавања за овие настани вели: „Ние ги одржувавме илегално состаноците со синдикатите, иако тие беа забранети. Ставот на нашата Партија беше непризнавање на оваа забрана на синдикатите".[132] Ова нешто секако потпомогна штрајкачките и тарифните акции да продолжат и во 1941 година.

---

[128] АРПЈ, Белград, Записник од V земска конференција на КПЈ, препис во АИНИ Скопје.

[129] АИНИ, Скопје, наведеното сеќавање на Добривое Видиќ; Исто, Р-ПО Скопје, стр. 112.

[130] АИНИ, Скопје, арх. бр. 022.

[131] Исто.

[132] АИНИ, Скопје, арх. бр. 8212; Исто, наведеното сеќавање на Добривое Видиќ; Исто, Р-ПО Скопје, стр. 77.

Напоредно со борбата за подобрување на положбата на работничката класа во Скопје, Партијата еднакво се интересираше и за положбата на тутунопроизводителите, кои беа изложени на неверојатно голема експлоатација. По повод на нивната тешка положба, ПК на КПЈ за Македонија повеќепати издаваше летоци во кои ја изнесе правата вистина за нивната положба и за причините кои тутунопроизводителите ги доведе до потполно уништување. Затоа тие во прогласите се повикуваа на акција за да си ја подобрат својата положба.

Во ова време и Месниот комитет за град Скопје исто така упати проглас до „Скопјаните-работници и тутунции". Повод за тоа Месниот комитет да го објави овој проглас беше штрајкот на тутунарите во Прилеп, кои одбија да го предадат тутунот на начин кој им беше одреден при определувањето на неговата цена, условите под кои тој се откупуваше и сл. Повикувајќи ги работниците и тутунопроизводителите од Скопје да ја поддржат акцијата на тутунопроизводителите од Прилеп и да се солидаризираат со нив, Месниот комитет во Скопје го искористи тоа за да ја изнесе истовремено и положбата на тутунопроизводителите во Скопје, особено во врска со определувањето на пониските класи на тутунот, за намалувањето на бројот на повереницте, кои, освен тоа, овој пат биле определени од околискиот началник, за личноста на повереникот кој бил исто така големопоседник, на чиј посед работеле 30 исполциии и кој имал 40.000 кгр тутун. Затоа, МК во прогласот им се обрна со следниот повик: „ТУТУНЦИИ СКОПЈАНИ, Прилепчаните, тутунции водат правилна борба, за леб и живот, вие не стојте? Прилепчани фрлат јарем, **не држете го и вие. Нивната борба е и ваша. Тоа е борба за вашиот и нивниот опстанок.** Не прајте да ве големосрпските шовинисти, со помошт на вашите бегови крадат и експлоатират. Дајте отпор? Искажете солидарност со прилепските тутунции, тие се ваши браќа"[133].

Истовремено Месниот комитет во Скопје во својот проглас се обрна и до работниците во Скопје, со цел и тие од своја страна да ја помогнат борбата на скопските градски и селски тутунопроизводители, против нивните експлоататори — српските шовинисти и потисници: „Тие се ваши браќа во муката. Вашиот непријател е заеднички, сторете да вашата борба биде заедничка — сојузничка. Дајте својата рака на скопските тутунции, искажете солидарност со прилепските . . ."[133а]

### 3. Други облици на политчка борба

Покрај штрајкачките и тарифните акции во овој период е водена борба и против внатрешната и надворешната политика

[133] Исто.
[133а] Исто.

на Драгиша Цветковиќ. Широките народни маси и напредните сили на Скопје, во духот на прокламираната линија на КПЈ — борба против империјалистичката војна, за мир, леб и слобода, за одбрана на независноста на земјата, против скапотијата и реакционерните уредби, стапуваа и во други политички акции.

Во таа смисла заслужува да се истакне акцијата во врска со одржувањето на собирот на социјалдемократот — Живко Тоапловиќ, кој беше свикан со воеаноподбуцнувачки цели. Присутните студенти, работниците и другите граѓани поради тоа уште на почетокот го растурија собирот и со тоа не дозволија тој да биде искористен за туѓи интереси.[133b]

Свое политичко значење и одраз среде населението во овој период имале и акциите што ги водеа напредните студенти од Филозофскиот факултет во Скопје. Меѓу овие посебно се истакнуваа акциите на студентите што беа водени од крајот на 1939 година.

Солидаризирајќи се со студентите од Белградскиот универзитет кои, како реакција на наредбата на универзитетските власти од 30 ноември 1939 година, со која беше забранета работата на Универзитетот до 5 декември, а до крајот на декември беше забрането одржување на секакви приредби и собранија, во времето од 5 и 6 декември истата година стапија во еднодневен штрајк и одржаа две протестни конференции на Правниот и Техничкиот факултет во Белград, студентите од Филозофскиот факултет во Скопје на 6 декември истата година одржаа протестен собир.[134] Изразувајќи го своето незадоволство поради таквото однесување на универзитетските власти, скопските студенти на собирот бараа да се укине одлуката на Универзитетскиот совет, како и да се оддалечат „бандитите" (студентите од крајната десница на студентската организација „Свети Сава" — н. б.), кои вооружени правеле разни провокации на Универзитетот во Белград. Овие свои барања скопските студенти ги

[133b] Исто.

[134] Универзитетските власти кои, по смртта на ректорот д-р Драгислав Јовановиќ, со низа мерки ги заостruваа односите спрема напредното студенстко движење, одејќи му во пресрет на режимот и тогашните владеачки кругови, со својата постапка од 29 ноември 1939 година ја нарушија автономијата на Универзитетот, поради тоа што дозволија во една од просториите на Правниот факултет да се одржи комеморација посветена на францускиот адмирал Гепрат, војсководач од Првата светска војна, која од владеачките кругови требаше да се искористи за воеоподбуцнувачки цели. Студентите, кои овој потег на универзитетските власти го оценија како атак на идејно-политичката активност на студентската организација и автономијата на Универзитетот, не сакајќи да дозволат трибината на Универзитетот да се искористи за воеоподбуцнувачки цели, влегоа во салата, каде што, манифестирајќи симпатии кон францускиот народ, но истовремено извикувајќи пароли против француската влада, против империјалистичката војна, го оневозможија нејзиното одржување. — Милица Дамјановиќ, н. д., стр. 347—350; АВИИ, фонд III Армиска област, к. 7, 48/3, Извештај од 4 јануари 1940 година.

доставија и до Универзитетскиот совет во Белград.[135] Веднаш по одржаниот собир скопските студенти на 7 декември стапија и во еднодневен штрајк кој, според извештајот на Штабот на III-та армиска област од 4 јануари 1940 година, поминал „во ред и мир"[136].

Меѓутоа, одржувањето на еднодневниот протестен штрајк, кој завршил со успех, сепак не поминал во ред и мир.

Студентите-националисти на Скопскиот факултет, односно приврзаниците на профашистичката организација „Збор" на Димитрие Љотиќ, за да го разбие единството на студентите кои стапиле во штрајк и да го намалат неговото значење, со разбивачка цел и намера, истиот ден на 7 декември доставија Резолуција до Деканатот на Филозофскиот факултет, со која тие се оградуваа од закажаниот еднодневен штрајк кој бил во тек ги осудија покренувачите на штрајкот — студентите и професорите и бараа од Деканатот истите да се земат на дисциплинска одговорност. Тие исто така се обидуваа насила да влезат во зградата на Факултетот, доаѓајќи притоа во судир со штрајкачките стражи.[137]

По повод на овие настани Акциониот одбор на студентите од Скопскиот факултет издаде свој леток, со цел да ги запознае студентите и јавноста во Скопје со настаните на Белградскиот универзитет, како и со акциите што се водеа на Скопскиот факултет во знак на солидарност со студентите од Белградскиот универзитет.[138]

---

[135] На 1 декември 1939 година, крајно десничарската студентска организација „Свети Сава", со одобрение на универзитетските власти требаше да одржи приредба посветена на денот на обединувањето на кралството СХС — 1 декември 1918 година, која исто така требаше да биде искористена за тогашната надворешно-политичка ориентација на режимот во Југославија, а против напредното студентско движење, Студентите од оваа организација, вооружени со револвери, ками и др., влегоа во факултетската зграда и почнаа да делат летоци меѓу студентите, наводно со повикување да земат учество во приредбата, всушност во нив го напаѓаа напредното студентско движење.

Присутните студенти на Факултетот ова го сфатија како провокација, зашто, според Уредбата за автономијата на Универзитетот, не можеше да се внесе оружје на Универзитетот, па припадниците на оваа организаија, ги принудија да го напуштат Факултетот.

Овие два настана: растурањето на комеморацијата на Гепрат и судирот со крајно десничарската организација „Свети Сава" поради нивното провокативно држање, на универзитетските власти им послужи како повод на 30 ноември 1939 год да ја донесат наредбата за забрана на работата на Универзитетот. Со тоа беше доведено во прашање одржувањето на закажаниот студентски собир за 3 декември 1939 година, како и одржувањето на митингот против воениот терор над чехословачките студенти, паднати во големите демонстрации во Прага во 1938 година. Милица Дамјановиќ, н. д., стр. 350.

[136] АВИИ, фодн III армиска област, к. 7, 48/3, Извештај од 4 јануари 1940.

[137] АВИИ, фонд III дрмиска област, к. 7, 45/3, Седмичен извештај од 25 декември 1939.

[138] АМ, фонд Филозофски факултет. нерегистриран материјал

Како одговор на овој леток на Акциониот одбор на студентите од Филозофскиот факултет од Скопје, оваа група студенти-националисти издаде еден памфлет под наслов „Лага или вистина“ или „Одговор на летокот на самонаречениот Акционен одбор на студентите“, во кој беа изнесени многу невистини во врска со настаните од 6 и 7 декември, го обвинуваа напредното студентско движење како агент на црвената интернационала итн.[139]

Независно од оваа деструктивна активност на студентите-националисти, акцијата на студентите од Скопскиот факултет беше успешно завршена. Обединетата студентска младина однесе уште еднаш победа над љотиќевците и разните реакционерни елементи.

Настаните на Скопскиот факултет од почетокот на декември 1939 година, од кои напредната студентска младина излезе единствена и како таква претставуваше дел на општото југословенско единствено студентско движење, готова да ги брани интересите на широките народни маси од реакционерните режими, кои ги туркаа во вителот на империјалистичката војна за сметка на едните или другите империјалистички сили и за да ги заштитат од сосипување поради сѐ поголемата скапотија, ги принудија одделни известувачи да ја признаат постојната состојба.

Без оглед на тоа што во еден таков извештај се прави инсинуација на професорот Душан Недељковиќ како организатор на овие настани, кој всушност не беше тоа, туку некои од студентите-комунисти кои се наведени во извештајот, во отсуство на други материјали, го наведуваме во неговата целост, посебно и поради тоа што во него е прикажан и односот на силите на Факултетот:

„Во почетокот на декември д-р Недељковиќ патуваше во Белград, а од Белград се врати дури овие денови. Целта на неговото патување, состаноците и врските во Белград не ни се познати, но лесно може да се назре намерата, кога ќе се земе предвид дека во Белград биле одржани студентски-комунистички демонстрации на самиот Универзитет. Сличен обид е направен на 6 о. м. на Универзитетот во Скопје, на кој студентите имаат одржано своја протестна седница по повод постапките на власта спрема студентите во Белград. Освен тоа, скопските студенти ја затвориле вратата на влезот, за да го оневозможат пристапот не само на своите професори, туку и на студентите за кои знаеја дека се национално настроени.

Резимирајќи ја горната состојба на Скопскиот универзитет, може позитивно да се каже: дека комунистите-студенти завладеале наполно со севкупниот универзитетски живот, затоа

---

139 Исто.

што под своја власт ја ставиле и самата управа на домот, потпорниот фонд на сиромашните студенти и други нивни корпорации. Студентите националисти, кои се малубројни, се во многу неповолна ситуација и не е далеку часот, до колку се позволи ваквото ширење и дејствување на д-р Недељковиќ со својата клика на Скопскиот Универзитет — на националистите студенти да им биде оневозможено посетување на предавањата...“[140]

Студентите од Скопскиот филозофски факултет својата солидарност со студентите од Белградскиот универзитет ја покажаа и во случајот на работничко-студентските демонстрации во Белград, одржани под паролата: „Да живее народната борба, за леб, мир и слобода!“, „Да живее единството на младината во борбата против војната!, „Долу војната“, „Долу воените лиферанти“, „Долу скапотијата“, „Да живее автономијата на Универзитетот“, во текот на кои полицијата изврши крвав масакр над учесниците во демонстрациите, така што имаше мртви и ранети. Гневни поради ваквиот крвав злостор на полицијата над голораките демонстранти, напредните студенти од Скопскиот факултет на 15 декември т. г. испратија писмо до колегите и работниците во Белград, во кое тие ја осудија владата поради тоа што издала наредба да се пука во народот. Освен тоа, напредните студенти писмо испратија и до потпретседателот на владата д-р Владимир Мачек, во кое тие го потсетија на неговите зборови, изговорени во Сењ дека „на злосторствата треба да им се тури крај“, а сега владата, на која тој е претседател, изврши крвав злостор.[141]

Во знак на протест поради овие настани, под истите пароли, студентите од Скопскиот факултет на 16 декември т. г. во дворот на самиот Факултет одржаа и протестен митинг, на кој за крвопролитијата на белградските улици на 14 декември говореја студентите — Добривое Видиќ и Антон Колендиќ. Од митингот беа испратени и две протестни писма: едното до ректорот на Белградскиот универзитет во кое се бараше тој веднаш да поднесе оставка, а другото до претседателот на ХСС (потпретседател на владата), во кое се протестираше „поради тоа што тој, кој бил помаган од студентите во секоја негова акција, во тој момент зел активно учество во пролевањето на младата студентска крв.“ Двете протестни писма беа потпишани од Акциониот одбор на студентите на Скопскиот факултет.[142]

---

140 АВИИ, фонд III армиска област, к. 7, 43/3, Извештај од 10 декември 1939 година.

141 Милица Дамјановиќ, н. д., стр. 353.

142 АВИИ, фонд III армиска област, к. 7, 42/3, Извештај на II Скопска жандармериска чета до командантот на Вардарскиот жандармериски полк од 6 XII 1939 г.; АВИИ, Главен генералштаб, к. 6, 43/2; Славољуб Цветковиќ, Билеќки концентрациони логор, Историја XX века, Зборник радова, Бгд,. II, 1961, стр. 271.

По одржувањето на митингот меѓу студентите беше поделен леток, издаден од страна на Народната студентска младина на Скопскиот факултет, во кој се „осудуваа постапките на режимот и на неговите органи — жандармеријата, која ѕверски постапи против незаштитените студенти“.[143]

Според известувачите, присутните студенти на митингот, во знак на жалост по повод паднатите жртви во времето на демонстрации на 14 декември, на реверите на своите палта носеле црн флор.[144]

Во тоа време, во 1940 година, скопските студенти исто така одржаа успешни демонстрации по повод доаѓањето на Скопскиот факултет на претседателот на владата, Драгиша Цветковиќ и неговиот министер на внатрешните работи во владата, Антон Корошец. Оваа демонстрација на скопските студенти беше насочена против реакционерните мерки на владата Цветковиќ-Мачек и беше израз на протест против газењето на слободата на науката и автономијата на Универзитетот од страна на владата.[145]

Набрзо по овие настани, полицијата, кршејќи ја автономијата на Универзитетот, на 12 јануари 1940 година насилно навлезе во зградата на Факултетот и студентскиот дом и изврши претрес во просториите на домот. Тогаш е откриен еден куфер со партиски материјал. Најдениот материјал на полицијата ѝ послужи како повод да ги уапси истакнатите студентски раководители — Блажо Орландиќ, Антон Колендиќ, Боро Чушкар, како и професорот д-р Душан Недељковиќ. Нешто подоцна, на 17 јануари т. г., уапсен е и студентот Душан Тасковиќ ... Врз основа на новите прописи, што ги донесе владата по демонстрациите од 14 декември, „против нарушителите на редот и мирот“ уапсените: Блажо Органдиќ, Боро Чушкар, Антон Колендиќ и професорот Душан Недељковиќ беа конфинирани во концентрациониот логор во Билеќе.[146]

Својот увид во општата политичка положба во овој период во Македонија и во активноста на Партијата, Штабот на III армиска област го изнесе во еден извештај од јануари 1940 година:

---

[143] АВИИ, фонд III армиска област, к. 7, 44/3.

[144] Исто, како во точките 141 и 142.

[145] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 278; АИНИ, Скопје, наведената изјава на Добривое Видиќ; Исто, Реконструкција на напредното студентско движење на Скопскиот филозофски факултет меѓу двете војни, Скопје, 15 декември 1976, стр. 142, 143, 174.

[146] АВИИ, фонд Главен генералштаб, к. 6, 49/2, Извештај од февруари 1940; според сеќавањата на Добривое Видиќ, по извршениот претрес беа затворени студентите: Блажо Орландиќ, Душан Тасковиќ и самиот тој. Но набрзо Видиќ бил пуштен од затвор, додека Орландиќ и Тасковиќ биле однесени во затвор на Ада Циганлија, но подоцна и тие биле пуштени. — АИНИ, Скопје, наведеното сеќавање на Добривое Видиќ; За истото види и кај Дејан Алексиќ, н. д., стр. 278; АИНИ, Скопје, арх. бр. 2459, 2462, 2465, 2466, 2467, 2469; Вес. „13 Ноември“, Скопје, год., бр. 8, Боро Чушкар, Ние бевме напредни студенти.

„Пребрзиот и големиот скок на цените на прехранбените артикли многу го потпомогнува ширењето на комунистичките идеи меѓу народот во јужните краишта (Македонија — н. б.), кои се во поголем дел сиромашни. Студентите-комунисти се обидоа да ја искористат оваа прилика и во времето на божиќните празници да развијат жива активност за пропагирање на комунизмот . . .

Загрижени, комунистите се растурени на сите страни и во ширењето на комунизмот работат плански, заеднички и сложно. За својата разорна работа првенствено, вешто и спретно, ја користат средношколската младина и невработените работници. Гимназиите на југ (Македонија — н. б.) речиси сите се под силно влијание на комунизмот, а особено во: Куманово, Велес, Штип и Скопје. Што е најжално, водачи се наставниците и тоа, главно, Црногорци. По средношколската младина, комунизмот е најраспространет кај учителите на село.

По одржаните комунистички демонстрации во Белград, Загреб и Сплит, комунистите во јужна Србија (Македонија — н. б.), исто така се подготвуваа да организираат такви во Скопје и во Велес. Првите демонстрации требаше да бидат организирани на Филозофскиот факултет во Скопје на 16 декември 1939 година, меѓу 18 и 19 часот (тие се одржани на 16 декември во претпладневните часови — н. б.), но поради строгата полициска готовност, тие не беа одржани. Беше предвиден и друг обид за 19 декември, но и овој беше спречен од страна на власта.

Со Уредбата за измена на Законот за заштита на јавната безбедност и поредокот во државата, со право на одредување на местото на живеење и полициска контрола, угледот на власта и државната управа постепено се зголемува.“[147]

Само месец дена подоцна, по повод новите апсења на група комунисти во Скопје, II скопска жандармериска чета напиша нов извештај, во кој ја коментираше работата на Партијата на следниот начин:

„Комунистите и натаму ловат риба во матна вода. Нивната активност никако не е помала од минатиот месец, само е тактиката подобра и работата многу повнимателна. И покрај тоа, во текот на овој месец во Скопје е извршено апсење на 12 и 13 о. м., на четворица сомнителни за илегална работа и е запленет извесен број на компромитиран материјал. Уапсени се: Кузмановиќ Петко Богдан, фасадер, Јован Филиповиќ Ристиќ, фасадер, Блажевиќ Спиро Крум и Филиповиќ — Ристиќ Атанас, ученик во занаетчиското училиште, кои сега се во затвор по завршената информативна истрага од страна на органите на Управата на полицијата во Скопје. Може отворено да се ка-

[147] АВИИ, фонд Главен генералштаб, к. 6, 48/2, Извештај од јануари 1940 година.

же дека тие лица се премногу незначителни спрема тие кои се и натаму на слобода, а се познати како истакнати комунисти и веќе осудувани. Не говорејќи за Скопскиот факултет, на тој расадник на комунизмот не само во Скопје, туку на територијата на цела Бановина, маса други не само што се на слобода, туку уживаат и извесни права, како што се адвокати, доктори, лекари и многу други . . . .

Доколку вината се фрла на младината — дека е задоена со комунистичка идеологија, дотолку вината треба да се фрли и на самите нејзини воспитувачи-наставниците. Дека е тоа така, имаме премногу примери, навистина горчливи, но вистински. Го спомнеме ли Скопје? Ни се редат познати имиња: д-р Неделковиќ Душан (сега конфиниран во Билеќе), а колку требаше години, напор и работа еден таков тип, за кого позитивно се знаеше дека е духовен водач на комунистичкото движење за целиот југ (Македонија — н. б.) — да се совлада? Потоа Вуко Павиќевиќ, асистент, претседател на студентскиот дом . . ., Стефановиќ Василије, адвокат итн."[148]

Скопските студенти во пролетта на 1940 година водеа борба и за одбрана на автономијата на Универзитетот. На 29 мај 1940 година тие стапија во еднодневен штрајк поради тоа што во текот на учебната 1939/40 година здружената реакција, на чело со полицијата, а потпомогната и од факултетските власти, побесно откога и да било порано, се нафрли на студентските придобивки, на сите чесни и работни студенти.[149] Тоа се манифестираше во донесувањето на разни реакционерни решенија, како и воведувањето цензура на литературните трудови, подготвени за седниците за студентското културно друштво „Нови покрет", што претставуваше систематско задушување на секаква културна дејност на Факултетот; во систематското оневозможување на одржувањето на студентските излети и приредби, во забраната на сите забави и други приредби во домот, што беа приредувани исклучиво во полза на сиромашните студенти — станари на домот; потоа во бесправното апсење на студентите, малтретирање и испраќање во концентрациони логори, незаконитото упаѓање на полицијата во студентскиот дом и друго.[150] По тој повод беше одржан и митинг, на кој говореа истакнатите студентски раководители: Беќо Башиќ, Бошко Шиљеговиќ и други. Еве како ги опиша овие настани на Факултетот коман-

---

[148] АВИИ, фонд III армиска област, к. 60, 17/1, Извештај на II скопска жандармериска чета од 23 февруари 1940 г.

[149] АВИИ, фонд III армиска област, к. 31, 13/4, Извештај од 4 мај 1940 година.

[150] АИНИ, Скопје, фонд Филозофски факултет, арх. бр. 2474, Резолуција до несена од страна на Репрезентативното здружение на студентите на Филозофскиот-факултет во Скопје; Исто, фонд Филозофски факултет, арх. бр. 2476, Претставка на претседателот и секретарот на студенското културно друштво „Нови покрет" до Советот на Филозофскиот факултет во Скопје.

дата на Вардарскиот жандармериски полк: „На 29 мај на Скопскиот факултет избувна штрајк на студентите — комунисти. Беа одржани митинзи на кои говореа познатите студенти — комунисти Беќо Башиќ, Бошко Шиљеговиќ и други"[151], а во друга верзија од истите извори се вели: „На 29 мај студентите-комунисти на Скопскиот факултет јавно се искажаа, демонстрирајќи на факултетот, и прогласија еднодневен штрајк. Коловодачите се фатени и предадени на власта."[152] Според мемоарскиот материјал, по овој настан од Филозофскиот факултет беа исклучени студентите: Бошко Шиљеговиќ, Беќо Башиќ и Слободан Деветиќ.[153]

Овие два извештаја, кои се засега единствен извор за овој настан, ги приведуваме поради тоа што од нив се гледа дека истиот ден, кога е прогласен штрајкот, е одржан и митинг на студентите. На митингот беше донесена и Резолуција[154], во која беа изнесени барањата на Репрезентативното здружение на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје, во врска со почитувањето на автономијата на Универзитетот и нејзиното проширување и на Студенскиот дом, како и да престанат противзаконските полициски прогонувања на студентите, при што особено е нагласено дека „факултетските власти ги сметаат за должни да се спротивстават на нафрлувањата на полицијата на автономијата на Универзиетот и слично".

Паѓа во очи дека во Резолуцијата, освен барањата што се однесуваа до зачувувањето на автономијата на Универзитетот, беше изнесено и од порано познатото барање за воведување на нови групи и основање на научен институт за проучување на Македонија и Стара Србија.

Новина во Резолуцијата беше барањето, во духот на одлуката на Белградскиот универзитет, да се одобри правна заштита на студентите, која имаше за цел помагање на уапсените студенти.

Полицијата и во оваа прилика ги уапси студентите — говорници. За време на штрајкот штрајкачките стражи и другите студенти се судрија со студентите љотиќевци, кои беа против штрајкот и сакаа физички да ги нападнат штрајкачките стражи. Во извештајот на жандармерискиот полк во Скопје, по повод на овој настан, се вели: „На 30 мај на Скопскиот факултет дојде до тепање меѓу студентите-комунисти и студентите-националисти".[155]

---

[151] АВИИ, фонд III армиска област, Извештај на Вардарскиот жандармериски полк до командата на III армиска област од 2 јуни 1940 год., нерегистриран материјал.

[152] АВИИ, фонд III армиска област, Извештај на известителната служба од Вардарскилот жандармериски полк од јуни 1940 год., нерегистриан материјал.

[153] АИНИ, Скопје, Реконструкција на напредното студентско движење . . . , стр. 169.

[154] АИНИ, Скопје, фонд Филозофски факултет, Резолуција . . . , арх. бр. 2474,

[155] Исто, како точката 151.

Скопските студенти и во други прилики, во одбрана на автономијата на Универзитетот или во случаи на разбивачка и антистудентска работа на љотиќевците, мораа да водат борба против студентите-љотиќевци, кои во последно време настапуваа под маската на национални студенти или како југословенска национал-монархистичка младина. Таков беше случајот за време на изборите за нова управа на Потпорното здружение на студентите во есента 1940 година. Студентите-љотиќевци, кои пред студентите и јавноста во Скопје се беа компромитирале поради својата разбивачка дејност, овој пат при изборот на управата на Потпорното здружение настапија со таканаречена „неутрална" листа, наспроти веќе истакнатата листа од страна на Репрезентативното здружение на студентите од Филозофскиот факултет. Напоредно со тоа тие издадоа и леток, во кој предложената листа се напаѓаше како комунистичка, дека на чело на листата се наоѓаат лица кои одговарале по Законот за заштита на државата, дека факултетските власти ќе ја поништат поднесената листа, дека потписите на студентите се изнудени и слично.

Со оглед на овие нови обвинувања од страна на љотиќевците, студентите — Радован Ковачевиќ и Михајло Чукиќ, во името на Репрезентативното здружение, на 23 ноември 1940 година објавија писмо под наслов „До студентите на Филозофскиот факултет", со намера да ги запознаат студентите со новиот обид на љотиќевците да се нафрлат на студентското единство.[156] Разоткривајќи ја пред студентите правата намера на студентите-љотиќевци, кои се криеја зад таканаречената „неутрална" листа, студентите укажаа на нивното штетно дејствување и во некои други случаи. Притоа тие го наведоа случајот со акцијата на Потпорното здружение за формирање на Академска трпеза за најсиромашните студенти, кога студентите-националисти со леток го повикаа граѓанството да ѝ откаже помош на мензата, како и примерот кога потпорното здружение организира светосавски бал, чии приходи беа наменети за сиромашните студенти, во кој случај студентите националисти исто така со леток го повикаа граѓанството да ја бојкотира оваа приредба.

Освен тоа, напредните студенти беа принудени да го бранат студентскиот дом од навлегувањето на полицијата, со која здружено настапија и љотиќевците-студенти.[157] Студентите исто така беа принудени да одговараат и на разните обвинувања и памфлети што ги ширеа љотиќевците во Скопје, со намера студентското движење пред јавноста да го прикажат во сосема друга светлина.

---

[156] АИНИ, Скопје, фонд Филозофски факултет, Писмо од 23 ноември 1940 година, арх. бр. 2477; Исто, Писмо до Советот на Филозофски факултет, арх. бр. 2475

[157] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 278; АИНИ, Скопје, наведената изјава на Добривое Видиќ.

Сите овие студентски акции, како и работничките штрајкови, претставуваа дел од политичката борба на целиот македонски народ против постојниот ненароден режим во Југославија.

Составен дел на општата политичка борба на народните маси и напредните сили во Скопје беше и акцијата на напредните жени на Скопје во есента 1939 година, за добивање основни граѓански и политички права, од кои жените во стара Југославија беа лишени. Оваа политичка акција на напредните жени од Скопје — за здобивање право на глас на жените, претставуваше дел на акцијата што ја водеа жените во Југославија. Неа легално ја водеа напредните сили на младинската секција при друштвото Женски покрет во Скопје. Во врска со тоа беше организирано собирање на потписи за право на глас на жените. Оваа акција ја помагаа и комунистите и другите напредни сили од Скопје, особено оние што беа собрани околу весникот „Наша реч".[158]

Весникот „Наша реч" објави и неколку статии, посветени на положбата на жената, нејзиното учество во ослободителните борби на македонскиот народ против Турците и слично. Весникот не испушти од предвид да истакне дека секое извојувано право бара и жртви, па затоа во статијата „Еманципацијата на жената не може да се запре" пишуваше: „Секое ослободување е сврзано со жртви, жртви мора да поднесе и жената за своето ослободување".[159]

Во почетокот на декември 1939 година во Скопје беше одржан и женски собир под паролите: „Бараме активно и пасивно тајно право на глас", „За наше право, за среќа на нашите деца, за мир, да се обединиме!", Еднакви права, еднакви надници!"[160] Изнесувајќи ја тешката положба на жените, посебно положбата на жената-селанка и работничка, на собирот енергично е барано жената да биде застапена во политичкиот живот, со оглед на тешките моменти во кои се наоѓаа народите на Југославија поради избувнувањето на империјалистичката војна. Одржаниот женски собир со тоа доби карактер на политички собир. Тој како таков излезе од рамките на акцијата за добивање право на глас за жената и доби пошироко политичко значење, бидејќи истовремено беше насочен и против империјалистичката војна, за мир и слобода, што се гледаше и од паролата „За наше право, за среќа на нашите деца, за мир

---

[158] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 82—84; АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, ст. 37, 38 39; Исто, Ф-ПО Скопје, стр. 136.

[159] Вес. „Наш глас", Скопје, 1939, бр. 7; Вес. „Наша реч", Скопје, 1939, бр. 3 и бр. 7.

[160] Вес. „Наша реч", Скопје, 1939, бр. 8, ст. „Женски собири за право на глас"; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 85.

да се обединиме!". Дека целата акција за право на глас беше насочена против политиката на владата Цветковиќ-Мачек и воените подбуцнувачи и против империјалистичката војна, за мир, се гледа и од уводната статија „Право на глас и жените", објавена во весникот „Наша реч", пред одржувањето на собирот на жените, во која се вели: „Да и ние одлучуваме дали ќе се пренесе оваа крвава војна и во нашата земја, дали ќе бидат разнесени телата на нашите најмили, нашите куќи опустошени, нашата иднина уништена."[161]

Најмасовна политичка акција спроведена во овој период во Скопје претставуваше политичкиот народен собир, одржан на 2 август 1940 година во с. Шишево, во околината на Скопје, на денот на востанието на македонскиот народ — Илинден. Одржувањето на собирот беше изведено под форма на излет, и на него учествуваа над 1.000 луѓе. Според однапред изготвениот план, на собирот беа одржани неколку политички говори и беше изведена културно-уметничка програма со определена политичка содржина. На тој начин собирот се претвори во една од најголемите антирежимски и антифашистички манифестации во Скопје. Тоа уште повеќе дојде до израз при враќањето в град, кога собирот доби карактер на политички демонстрации против постојниот режим за слобода и национална рамноправност.[162] Присутноста на толкав број луѓе на собирот, меѓу кои имаше доста Албанци и Турци, говореше за тоа дека Партијата во Скопје успеала широко да се поврзе со масите. Собирот во Шишево, поради својата масовност, го сврте вниманието на власта, така што полицијата веднаш интервенираше и затвори над 30 лица, меѓу кои беа затворени и студентите-партиски раководители: Добривое Видиќ и Беќо Башиќ.[163]

Командата на Вардарскиот жандармериски полк и во оваа прилика известуваше: „На 4 август 1940 година (датумот е погрешно означен — н. б.) во село Шишево во околината на Скопје студентите-комунисти и работниците од Скопје одржаа еден состанок на кој присуствуваа околу илјада лица. На тој состанок еден од говорниците настојуваше да ги придобие присутните муслимани за акцијата за создавање независна Македонија".[164] Спомenатиот документ го потврдува фактот дека на собирот во Шишево учествувале муслимани, но во отсуство на документ за содржината на политичките говори, документот укажува и на фактот дека на собирот е поставувано и пра-

[161] Вес. „Наша реч", Скопје, 21 ноември 1939 година, бр. 7.

[162] АИНИ, Скопје, наведената изјава на Добривое Видиќ; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 37; Вес. „Билтен", Скопје, 1940, бр. 2.

[163] АВИИ, фонд Главен генералштаб, к. 26а, 14/3, Извештај од 11 октомври 1940 година; АИНИ, Скопје, наведената изјава на Добривое Видиќ.

[164] Исто.

шањето за решавање на македонското национално прашање, кое во тоа време беше главна преокупација на сите комунисти и на целиот македонски народ.

Според сеќавањата на партиските активисти, такви собири во вид на излети се одржувани и во други прилики.[165] Такви собири приредуваше особено младината, на кои земаше учество средношколската, студентската и работничката младина.

Најзабележителни беа излетите што ги организираше студентската организација по повод денот на трудот — Први мај, Ѓурѓовден и слично, бидејќи на нив имаше и културна програма, со определен политички карактер. Покрај студентите, на овие излети присуствуваше и средношколската и работничката младина.[165a]

Во склопот на овие акции против политиката на владата Цветковиќ-Мачек во Скопје беше спроведена акција за пишување на пароли по ѕидовите на куќите, кои беа во духот на платформата на КПЈ, против империјалстичката војна, за мир и слобода, против скапотијата, за право на македонскиот народ на самоопределување, за сојуз со СССР и др. Во овој период повеќе пати беше извршено и масовно растурање на прогласи, упатени до македонскиот народ. Во сите овие акции активно учество зеде скоевската организација.[166]

*
*     *

Партијата во Скопје преку сите овие облици на политичка борба, поврзувајќи се на тој начин со широките слоеви на македонскиот народ, всушност работеше на создавање Народен фронт одоздола. Постојат податоци дека во Скопје, особено по одржаната партиска конференција на 7 септември 1940 година, како и по Петтата земска конференција од ноември 1940 година, се работело на создавање на широк национален демократски фронт, вклучувајќи ги во него, по можност, и македонските националисти. Меѓутоа, оваа акција не доведе до саканиот резултат поради тоа што македонската буржоазија, која спроти војната стана дефетистичка и сепаратистички расположена, некои од нејзините редови, како агент на германскиот, италијанскиот или бугарскиот империјализам, веќе работеа за присоединување на Македонија кон Бугарија или за нејзино отцепување под протекторат на Италија, не сакаше да ја прифати платфор-

---

[165] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 32, 101, 132, 151, 171 и др.

[165a] АИНИ, Скопје, Реконстукција на напредното студентско движење . . . , стр. 168.

[166] АВИИ, фонд III армиска област, к. 31, 19/4, Извештај од 26 мај 1940 година; АИНИ, Скопје, наведнта изјава на Добривое Видиќ.

[167] ЦКЈ, фонд ЦК СКЈ, сеќавања на Перо Тикварот.

мата на Народниот фронт. На тој начин македонската буржоазија, која дотогаш се прикажуваше како демократска, почна да се изделува и да оди во расчекор со интересите на македонскиот народ и сè повеќе се втурнуваше во скутот на империјалистите. Затоа Партијата во создавањето на Народниот фронт сè повеќе се ориентираше на широките народни маси.

## 4. Форми за масовна работа на Партијата

Партијата, како насекаде така и во Скопје, за работа меѓу масите се служеше со разни легални форми на работа. Таа тоа го постигнуваше преку разни општествени организации: културно-уметнички друштва, спортски друштва, стручни здруженија и др. Во тоа голема улога одигра културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ" при Урсовите синдикати, кое преку разни излети и приредби успеа да собере голем број работници[168]. Слична улога одиграа и музичкото друштво на железничарите[169], спортското друштво во Дебар-маало[170], додека среде албанската и турската народност многу успешно дејствуваа друштвата „Јардм" и „Спарта"[171]. За масовна работа меѓу училишната младина и нејзното собирање околу платформата на Партијата беа користени литературните дружини во самите училишта, како што беа: „Дојчин", друштвото „Ефимија", „Техничар" и др.[172] Успехот од оваа активност беше навистина голем. Со оваа активност во средните училишта раководеше скоевската организација, која имаше развиено широка мрежа на воспитни групи. Според сеќавањата на Ранка Милановиќ, само во Женската гимназија во Скопје, во есента на 1940 година, имаше формирано околу 10 воспитни групи.[173] Позитивните резултати се огледаа во тоа што средношколската младина земаше масовно учество и во сите акции што ги водеше Партијата: младински собири, пишување на пароли, масовно растурање на летоци, собирање на штрајкачка помош и слично.[174] Младината од средните училишта во овој период водеше најголема борба против големосрпскиот хегемонизам, кој се спроведуваше преку Српскиот културен клуб, а за истакнување на македонската самобитност, како и против фашистичката идеологија што го ширеше љотиќевскиот

---

[168] Работата на културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ" при Урсовите синдикати повторно е обновена во 1938 година. —А ИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 23: Вес. „Наша реч», Скопје, 1939, б. 5; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 318—219.

[169] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 117; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 219.

[170] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 133.

[171] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 31, 32, 33, 67; Исто, наведената изјава на Добривое Видиќ.

[172] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 46, 52, 72, 73, 148, 151, 158, 164.

[173] Исто, стр. 177—178.

[174] Исто, стр. 49, 56, 73, 148, 149, 151, 152, 176, 178; Исто, наведената на Добривое Видиќ.

збор, така што таа добиваше карактер на антифашистичка и националноослободтелна борба.[175]

Во тоа време посебно ги разбранува редовите на средношколската младина објавената статија на проф. Никола Вулиќ во весникот „Правда“ под наслов: „Дали постои Македонија?“, како и одговорот на оваа статија во весникот „Јужна стварност“, така што врз основа на македонското национално прашање стана сè пошироко и помасовно собирањето на младината околу скоевската организацја и Партијата.[176]

Како израз на ваквото расположение дојде и до демонстративно истапување на ученичката Славјанка Васиќ во Женската гимназија во Скопје. Делејќи го мислењето на целата младина во Скопје, која се чувствуваше национално угнетена и во состојба на нерамноправна положба, како и целиот македонски народ, оваа младинка, инаку член на скоевската органзација во гимназијата, во декември 1940 година, за време на паузата меѓу часовите, на плочата во својот клас ги напиша паролите „Да живее слободна Македонија“, „Долу војната“, „Бараме сојуз со СССР“.[177] Овој настан предизвика силно вознемирување во редовите на владеачките кругови во Скопје, кои сметаа дека преку Српскиот културен клуб ја постигнаа својата цел, дека „српското национално движење ѝ нанесе удар на потајно и вешто водената пропаганда, која во последните 4—5 години се води против српската национална мисла во јужна Србија (Македонија — н. б.)“.[178] Тие посебно беа загрижени затоа што тоа се случи во редовите на младината, сметајќи, според овој настан, дека е таа загубена за „националната ствар“ на југ (Македонија — н. б.). Школските власти и полицијата поведоа истрага во врска со овој настан, извршен беше претрес по домовите на поголем број ученички, но не беше пронајден никаков материјал кој можеше да ги компромитира. И покрај тоа, од гимназијата беа исклучени дванаесет ученички, од кои четири без право на натамошно школување.[179]

По инцијатива на комунистите во 1940 година, заради успешно поврзување на Партијата со широките народни слоеви, особено во селата и меѓу жените, беа формирани две нови организации со задружен карактер. Тоа беше Задругата за стопанско унапредување на селото „Селска самопомош“ и Женската набавна задруга.

---

175 АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 73, 147—148, 150—152, 167; Исто, наведената изјава на Добривое Видиќ; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 73, 74.

176 АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 175.

177 Исто, ст. 73, 177—178; Вес. „13 Ноември“, Скопје, 1966, год. V, Султана Лозаноска, ст. „Настанот што ги разбесне властите“.

178 АВИИ, фонд III Армиска област, к. 60, 17/1, Извештај од 23 февруари 1940 година.

179 Исто како точката 177.

Задругата „Селска самопомош“, која беше формирана на 17 март 1940 година, имаше за цел со практични совети и непосредна помош да му помогне на селото да излезе од својата културна заостанатост, а преку тоа да му се приближи на селанецот и на економските проблеми да ги собере селаните околу Партијата.[180] Вакви организации на „Селска самопомош“ можеа да се формираат и по селата на Скопска околија. За таа цел членовите на задругата „Селска самопомош“, во групи од 15—20 члена, ги обиколуваа селата, одржуваа конференции со селаните и формираа задружни организации „Селска самопомош“. Според извештајот на известителната службаа, вакви задружни организации беа организирани во некои села во општините: Синѓелиќ, Петровец, Бунарџик, Катланово, Душановац (Мацари — н. б.). Како иницијатори и истакнати членови на оваа задруга, во истиот извештај се спомнуваат: инж. агр. Боривое Атанацковиќ, директор на државната ергела во Мацари, Васил Стефановски, адвокат од Скопје, Алија Авдовиќ, студент од село Синѓелиќ, Георги Хаџи Манев, судија на Околискиот суд во Скопје, Кирил Миљовски, лекар ветеринар во државната ергела во с. Мацари, инж. Тихомир Анчев, стажант во ергелата, Дејан Алексиќ, адвокатски приправник, Епаминонда Поп Андонов, професор во II машка гимназија во Скопје, Раде Вуковиќ, учител во село Петровец, инж. Цветко Стојанов, чиновник во Банската управа во Скопје, инж. Јаќим Периќ, наставник во занаетчиското училиште во Скопје ,инж. Јевѓеновиќ, д-р Геза Алковиќ, директор на Хигенскиот завод во Скопје, инж. шум. Славко Поп Антов, чин. во Дирекцијата на шуми и руди, Џамбазов Божидар, аптекар во Скопје, Шишиќ Бранислав, инж. шум., чин. во Дирекцијата на шумите, Нада Богданова, адв. приправник, Кичевац Николина, чин. во Уредот за извоз, Тројачанец Илка, лекар во држ. болница и др.[181]

Владаечките кругови во Скопје, кои во оваа активност на задружната организација гледаа опасност за постојниот режим во Македонија, настојуваа на секој начин да го запрат тоа. По нивна иницијатива, Сојузот на земјоделските задруги од Белград испрати писмо до сите организации во Скопска околија, во кое ги извести дека Сојузот нема никаква врска со луѓето околу „Селска самопомош“ и дека членовите на задружните организации не смеат да стапуваат во споменатата задруга „Селска самопомош“.[182]

Околу задругата „Селска самопомош“ беше се кренала врева меѓу прорежимските луѓе. Тогашниот сенатор инж. Гли-

---

[180] Вес. „Наша реч“, Скопје, 1940, бр. 14—15 и бр. 16—17; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 244—245.

[181] Вес. „Наша реч“, Скопје, 1940, бр. 16—17; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 246—247; АВИИ, фонд Главен генералштаб, к. 26а, 17/3.

[182] АВИИ, фонд Главен генералштаб, к. 26а, 17/3.

гор Ташковиќ, кандидат на листата на Земјоделската партија за времето на пратеничките избори во 1938 година, за кого се определија сите напредни сили во Скопје, даде изјава дека целата група околу „Селска самопомош" е комунистичка. Според него, „комунистичкиот дел во неа беше многу опасен, но дека се многу поопасни автономистите и сепаратистите, со оглед на населението во тој крај". И професорот на Филозофскиот факултет во Скопје, еден од истакнатите членови на Земјоделската партија, д-р Миленко Филиповиќ, во изјавата што ја даде во врска со Задругата, нејзините членови ги нарече комунисти и „македонствујушти", и дека таму каде што ќе се појават, ќе треба со мотики да ги изгонат.[184]

Такво беше мислењето за Управата на задругата „Селска самопомош" и тоа како на режимските, така и на прорежимските луѓе. Факт беше дека во неа, освен 1—2 македонски националисти, сите други беа членови на КПЈ или нејзини симпатизери, чесни Македонци и добри антифашисти. Сите тие работеа преку задругата „Селска самопомош" да му помогнат на селанецот културно да се издигне и со практични совети и упатства да му помогнат да опстане во тешките стопански услови, мобилизирајќи го во исто време во борба против реакционерната влада Цветковиќ-Мачек, нејзината внатрешна и надворешна политика.

Плашејќи се од влијанието што „Селската самопомош" го доби меѓу македонскиот селанец, власта наскоро ја забрани нејзината работа.[185] Сепак, првите контакти со селата послужија како база за да Партијата го обезбеди своето влијание во некои од тие села, што особено дојде до израз во времето на НОБ.

Женската набавна задруга беше формирана во октомври 1940 година во Скопје. По директива на Партијата неа ја формираа жените од младинската секција на Женското движење, по нејзиното разидување со управата на тоа движење, која во тоа време се солидаризира со реакционерниот режим на Цветковиќ-Мачек и настојуваше на движењето да му даде исклучиво феминистичка боја. Женската набавна задруга, како легална форма на работа, преку која Партијата вршеше влијание врз жените, одигра голема улога. Покрај практичните упатства за помош на жените задругарки и овозможување преку задругата да се снабдат со некои производи по поповолни цени, во задругата беше развиена и културно-просветната работа. Организирани беа читачки групи, се организираа јавни културно-

[183] Исто.
[184] Исто.
[185] АВИИ, нерегистриран материјал, Извештај од 2 јуни 1940 год.

просветни приредби и се издаваа ѕидни весници.[186] Сето тоа беа форми преку кои жените се собираа околу задругата, овозможувајќи им да се просветат и политички да се подигнат, да се здобијат со јасна политичка и национална свест. Благодарение на тоа, Женската набавна задруга наполно ја оствари политиката на Партијата во поврзувањето со широките народни маси на платформата — борба против империјалистичката војна, против скапотијата, за одбрана за земјата, за самоопределување на македонскиот народ.

Покрај овие форми од задружен карактер, за работа на Партијата меѓу масите се користени и стручните друштва и здруженија. Такво едно друштво беше Друштвото на инженерите и техничарите во Македонија, во кое Партијата во 1940 година успеа да обезбеди свое влијание. Истото се однесуваше и на Здружението на адвокатските приправници, кое се формира во април 1940 година.[187]

*

* *

Во времето на спроведувањето на овие многубројни акции во текот на 1939—1941 година во Скопје, партиската организација нагло се развиваше и јакнеше. Според сеќавањето на тогашниот организационен секретар на Покраинскиот комитет, бројот на членовите на КП во Скопје од 6, колку што ги имаше во почетокот на обновата на партиската организција, се зголеми на 120 членови.[188] Од редовите на најборбените работници, најжилави за време на штрајкачките и тарифните акции во борбата со работодавачите и полицијата се создавани првите партиски организации по претпријатијата и бранжите. И на Скопскиот факултет меѓу студентите бројот на комунистите нагло се зголеми. Акцијата за право на глас и работа, како и на Женската набавна задруга придонесе да се зголеми бројот на жените-комунисти. Бројот на членовите растеше и во редовите на народната интелигенција. Спроти војната партиската организација во Скопје беше изградена врз производствениот принцип. Тогаш во Скопје беа формирани следните партиски организации: на металските работници, чевларските, монополските, берберските, синдикална партиска организација, организација на приватните службеници, партиска организација во ложилницата, партиска организација на работниците во прехранбената индустрија, партиска организација на интелектуалци, жен-

[186] Вес. „Наша реч», Скопје, 1940, бр. 20; Дејан Алексиќ, н. д., стр. 248—249; АИНИ, Скопје, Ф-ПО Скопје, стр. 138, 146—148; Вес. „13 Ноември“, Скопје, год., бр. 1, Денка Димова, ст. Женската организација „Свежи Струи“,

[187] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 98, 99; Вес. „Наша реч“, Скопје 1940, бр. 16—17.

[188] АИНИ, Скопје, Ф-ПК КПЈ за Македониј,а Изјава на Перо Ивановски.

ска партиска организација, муслиманска партиска организација, партиска организација на Филозофскиот факултет, партиска организација во Ѓорче Петров и партиска организација во населбата Дебар-маало.[189]

Ист беше случајот и со скоевската организација. Таа нагло се шиpeше со голема мрежа на скоевски воспитни групи во средните училишта, меѓу работничката младина по претпријатијата и одделни бранжи, на Скопскиот факултет и во одделни реони. Особено беше забележан пробивот меѓу муслиманската младина.

За натамошната работа на скоевската организација во Скопје посебно значење имаше одржаното скоевско советување кон крајот на 1940 година[180], на кое беа пренесени заклучоците од VI земско скоевско советување (конференција на СКОЈ), како и заклучоците од V земска конференција на КПЈ. Во присуство на 40 делегати на советувањето е извршена анализа на дотогашната работа на скоевската организација и на резултатите постигнати во времето на нејзиното обновување. По констатацијата дека е сторено мошне многу во опфаќањето на младината, како и за нејзиното вклучување во многубројните акции, на советувањето биле набележани нови задачи за нејзината идна работа: прашањето за нејзиното натамошно ширење, продолжување на борбата против Српскиот културен клуб и љотиќевската организација, водење акции за непосредните интереси на младината, нејзиното ангажирање во решавањето на прашањето од општ интерес на сите југословенски народи и слично.

Во овој период народната помош исто така постигна завидни резултати. Организацијата на народната помош особено се прошири во организационен поглед со своите пододбори во училиштата, претпријатијата, маалата и другите места.[191] Нејзината улога особено дојде до израз за време на собирањето на помош за штрајкачите, така што покрај постојните штрајкачки одбори, формирани од самите работници, таа преку своите пододбори одигра голема улога во собирањето помош за штрајкачите меѓу народните слоеви. Освен тоа, во овој период многу помасовно и поорганизирано се собираше и народна помош, која беше наменета за политичките затвореници, нивните семејства, за југословенските борци во Шпанија, кои се наоѓаа во логорите во Франција, за антифашистичките и народни борци за слобода што се наоѓаа во концетрационите и воените логори во Југославија (Билеќе, Ивањица) и сл.[192]

---

[189] АИНИ, Скопје, Ф-ПО Скопје, Прилог „Историја на НОБ во Скопје; Вес. „13 Ноември“, Скопје, год. IX, бр. 9, Кемал Сејфула, ст. „Формирање на муслиманската келија“.

[190] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, ст. 143.

[191] Исто, стр. 89—94, 134—136; Исто, Ф-ПО Скопје, стр. 75—83; Вес. „13 Ноември“, Скопје, 1971, год. X, бр. 10, Блага Попова, ст. „Ативоста на народната помош пред војната и 1941 година“.

[190] Исто.

Месниот одбор за народна помош за град Скопје и околијата во ова време издаде и два прогласа. Едниот беше издаден во вид на Апел и беше наменет за југословенските борци-доброволци во Шпанската граѓанска војна, додека другиот проглас беше упатен „До работниот народ и сета чесна јавност“.[193] Одборот со овој проглас имаше намера да го запознае работниот народ и сета јавност со реакционерните мерки на владата со забранувањето на Урсовите синдикати, со белиот терор над борците на народното движење, со отворањето на воени концетрациони логори во кои, под форма на вежба, беа испраќани сите оние „што се бореа против гладта и скапотијата, за мир и леб, сите оние што станувaа против петоколонашите кои подготвувaа предавство на земјата и вовлекување во војна, а за обезбедување на националната независност со потпирање врз Советскиот Сојуз“.[194] Во прогласот исто така се укажуваше и на тоа дека владата Цветковиќ-Мачек со сите овие реакционерни мерки ја намали одбранбената сила на земјата и овозможи слободно делување на петоколонашите. „Није знајме добро дека е нашата земја во опасност, није знајме добро дека правителството на Цветковиќ-Мачек со својата политика е слабо одбранбената сила на земјата, дека маневрирајне во надворешната политика е само предавање на земјата на империјалистичките завоеватели“ — се велеше во прогласот.[195] Затоа во него целиот работен народ и сите чесни луѓе се повикувaа да станат, преку протестни акции, да се борат против политиката на владата Цветковиќ-Мачек, теророт и отворањето на концетрациони логори: „Борете се и вие против овој ѕверски напад на народните синови, зашто таја борба значи воедно и борба против војна, против предателство на независноста на земјата“ . . . „И викаме во борба против заведувањето воени концентрациони логори који претстављават спремане земјата за војна, за нејзината капитулација, да си подигнат својо глас и јасно и отворено да протестираат против дзверството“.[196]

Меѓутоа, колку и да постигна успех народната помош во годините спроти војната, а во последно време опфати доста жени, студенти и средношколска младина, како и интелегенција, таа сепак беше тесно поставена во смисла на тоа — што сите не беа опфатени во организациона форма на народната помош, колку што имаше луѓе-симпатизери, кои со свои прилози ја помагаа организацијата на народна помош. Во сеќавањата на еден член на Месниот одбор за народна помош во врска со тоа се вели: „Ми се чини дека работата на народна помош во Скопје беше тесна. Многу мал број беше опфатен во неа. Се

[193] АИНИ, Скопје, Ф-ПО Скопје, стр. 75.
[194] АМ, арх, бр. 059.
[195] Исто.
[196] Исто.

гледаше во одборите и пододборите да бидат луѓе „испробани" и се бараја комунисти."[197] Тоа нешто дошло до израз и во организационата поставеност на народната помош, кое го констатираме од едно друго сеќавање: „Организационо исто така беше поставено круто, така да организационата форма наполно се подудаpуваше со организацијата на КП, како во Градскиот одбор, исто така и во долните одбори."[198]

Без оглед на тоа, организацијата народна помош постигна големи резултати. Според тоа колку таа имаше опфатено симпатизера кои даваа прилози за народна помош, независно од тоа дали тие беа во одбор или пододбор на народната помош, а нивниот број не беше мал, туку напротив, беше извонредно голем, може да се цени за големото влијание на Партијата меѓу широките народни маси во Скопје во годините спроти војната.

Според тоа, Партијата во Скопје, со широката мрежа од партиски и скоевски организации, спроти војната претставуваше моќне голема општествено-политичка сила, силен политички фактор во градот.

Во поврзувањето на Партијата со масите врвот беше постигнат во времето на мартовските настани, од 1941 година по потпишувањето на пактот на владата Цветковиќ-Мачек со силите на Оската. И покрај тоа што во почетокот демонстрациите отпочнаа по иницијатива на Српскиот културен клуб, Партијата со своите пароли: „Долу владата на Цветковиќ-Мачек", „Долу пактот со Германија". „За народна влада и пакт со СССР" не само што им даде тон на демонстрациите и сосема ги замени националистичките пароли на режимските луѓе, туку и наполно го презеде раководството со демонстрациите, во кои зедоа учество над 15.000 лица.[199]

Slavka FIDANOVA

## LES PLUS IMPORTANTS MOMENTS DE L'ACTIVITÉ DE L'ORGANISATION DU PCY À SKOPJE ET SES ENVIRONS À LA VEILLE DE LA GUERRE D'AVRIL

Résumé

Il est caractéristique de dire que l'organisation du PCY (Parti Communiste Yougoslave) à Skopje jusqu'à la moitié de l'année 1939. était restée

[197] АИНИ, Скопје, Р-ПО Скопје, стр. 80.

[198] Исто, стр. 77.

[199] Исто, стр. 44—45, 49—51, 61—63; Зборник, Устанак народа Југославије, Бгд. 1962, књ. I, Боге Кузмановски, ст. „Борба за усвајање ставова ЦК КПЈ у скопској партијској орнанизации, стр. 292, 293; Зборник, Четрдесет година, Бгд., 1961, књ. 5, Деса Миљовска, ст. „Демонстрације у Скопљу", стр. 39, 40; АИНИ, Скопје, Благоја Корубин, Сеќавања, 7 јули 1976, стр. 29—36.

sans sa direction, ce qui résulta de la grande trahison effectuée au mois d'avril de l'année 1937. dont fut atteint tout le Parti Communiste en Macédoine.

Pourtant, pendant tout ce temps il y a une activité politique constante du Parti à Skopje, due aux relations individuelles avec le CC du PSY (Comité Central du Parti Communiste Yougoslave), établies par le CR (Comité Régional) du PCY en Serbie en général, et particulièrement aux efforts que faisait le nouveau CC du PCY et son secrétaire Josip Broz — Tito.

Ainsi cette période est remplie d'une activité concernant la création et le renforcement du mouvement de front populaire qui, en même temps, représente un mouvement de libération nationale, le rasemblemnet des masses populaires à la plate-forme du front populaire pour la démocratisation du pays, pour un gouvernement de la défense nationale qui donnerait des libertés démocratiques et nationales, défence de l'indépendance du pays, appui à la politique extérieure de l'USSR. Ce mode de travail s'exprima par de nombreuses actions effectuées de la part des étudiants de la Faculté der Philosophie lesquels, à côté de leur combat por l'autonomie de l'Université et contre la dite „jeunesse nationaliste monarchiste" qui sera plus tard un adhérent sincère de l'organisation profasciste „Zbor" de Dimitrije Ljotić, menaient de nombreuses actions politiques aidés par les ouvriers de Skopje, telles les démonstrations contre l'occupation de la Tchécoslovaquie, celles contre l'attaque de l'Italie sur lAlbanie, le meeting de la défense populaire etc. D'une importance spéciale furent les démonstrations tenues le jour des élections des députés le 11. Décembre 1938, puis les actions menées à l'époque de la Convention de Munich, la désignation du 150ème anniversaire de la Révolution francaise, l'initiation du joural du front populaire „Naša reč", etc.

La conférence de mai, tenue sous la direction de Tito en 1939, était d'une grande importance pour le renouvellement du Parti dans tout le pays, et du Parti en Macédoine. La direction régionale du parti formée vers la moité de 1939. et réorganisée au printemps de 1940, avec l'aide directe du CC du PCY a beacoup contribué au renouvellement rapide de l'organisation du Parti Communiste à Skopje.

L'organisation rétablie du Parti et de la Jeunesse Communistes a développé ses activités dans l'esprit des devoirs provenant de la nouvelle situation après le commencement de la IIème guerre mondiale: lutte contre l'entrainement en guerre de la Yougoslavie par qui que ce soit des blocs impérialistes, contre les mesures réactionnaires du gouvernment, contre la cherté et la spéculation, pour la liberté, la paix, le pain; et après la Cinquième conférence territoriale du PCY, à cause de l'extension de la guerre-impérialiste aux Balkans et le danger pour l'indépendance du pays, fut soulignée et tenue au premier plan la parole de la défens du pays, d'un gouvernement populaire y compris les ouvriers et les paysans, d'une égalité national, d'une alliance avec l'USSR.

A partir de ces buts, l'organisation du Parti et de la Jeunesse Communistes menait des combats réussis pour la conquête des positions des syndicats de l'USO (Union des Syndicats Ouvriers) ayant l'intention d'initier

les ouvriers à la lutte pour améliorer leurs conditions de vie et de travail. Aussitôt après, la ville de Skopje fut saisie d'une vague de grèves et d'actions contre les tarifs qui étaient d'un caractère politique autant qu'économique.

Les masses des ouvriers dirigées par le Parti, menaient aussi d'autres actions politiques: dissipation des réunions organisées par les partis bourgeois profascistes; organisation de conférences et de meetings de protestation pour se solidariser avec les étudiants de l'Université de Belgrade pour l'autonomie de l'université; le meeting de protestation des étudiants en signe de solidarité contre le massacre fait pendant les démonstrations le 14. Décembre 1939, actions de grève contre les mesures prises par les autorités universitaires à Skopje; organisation d'une réunion de femmes sous la parole: „Pour notre droit, pour le bonheur de nos enfants, pour la paix-réunissons-nous!"; d'une assemblée générale à l'occasion du 2. aout 1940, etc.

Pour créer un mouvement de front populaire et de libération nationale, les grandes masses populaires s'étaient réunies dans des organisations telles „selska samopomoš", „ženskata nabavno-prodajna zadruga" et d'autres-sociétés — littéraires, culturelles, artistiques et sportives aux écoles seconda ires.

Tout cela a aidé au renforcement des mouvements communiste et ouvrier, particulièrement au développement du mouvement de libération nationale. Le régime essayait en vain de les empêcher, faisant des arrestations, expédiant les activistes du Parti aux camps de Bileće et d'Ivanjica, défendant le journal „Naroden fornt". Le mécontentement des grandes masses populaires a culminé aux démonstrations du 27. Mars 1941.